## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од Третото продолжение на Триесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана 10 февруари 2000 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија (сала број 1), со почеток во 11,55 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Саво Климовски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по 34-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Слободан Ќосев, Илија Георгиев, Горанчо Лазов, Милан Ставрев, Миланчо Черкезов, Радмила Шеќеринска и Владо Сугаревски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Притиснете го системот за гласање.

Имаме 61 пратеник присутни во салата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Во меѓувреме дојдоа и други пратеници.

Минуваме на 18 точка - Предлог за избор на заменик на главниот државен ревизор на Државниот завод за ревизија.

Бидејќи го заклучив претресот, предлогот за избор го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме

46 пратеници гласаа "за", 13 се "воздржани" и 6 "против".

Констатирам дека Благоја Илиевски е избран за заменик на главниот државен ревизор на Државниот завод за ревизија.

Минуваме на 19 точка - Предлог на одлука за именување претставници на Републиката во Советот на ООЗТ Институти при Медицинскиот факултет - Скопје.

Отворам претрес. Дали некој бара збор?

За збор се јави пратеникот Чедомир Крањевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, во дополнителна консултација со Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, како и во консултација со пратеничките групи на другите парти, точката 19 и 20 ја повлекувам од дневниот ред.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи точките 19 и 20 се повлекуваат од дневниот ред за една од наредните седници.

Минуваме на 21 точка - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација, Завод за нефрологија - Струга.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

59 пратеници гласаа "за, 5 "воздржани" и 1 "против".

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за нефрологија - Струга.

Милуваме на 22 точка - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар - Тетово.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

61 пратеник гласаа "за", 6 "воздржани" и 2 "против".

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар - Тетово.

Минуваме на 23 точка - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за здравствена заштита - Куманово.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

62 пратеници гласаа "за", 3 "воздржани" и 1 "против".

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за здравствена заштита - Куманово.

Минуваме на 24 точка - Предлог на одлука за именување на Републички советник на Собранието на Република Македонија.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

68 пратеници гласаа "за", 1 "воздржан" и 4 "против".

Констатирам дека Јелица Савинова е именувана за Републички советник на Собранието на Република Македонија.

Почитувани дами и господа пратеници, пред да преминеме на 25 точка од дневниот ред - Информација во врска со убиството на тројца припадници на Министерството за внатрешни работи во с. Арачиново, од г-ѓата министер за внатрешни работи Доста Димовска сум информиран и замолен да дадам пауза од 15 минути, кај неа е амбасадор, не знам од која држава, со што ќе приврשат со разговорот и во 12,15 часот ќе биде присутна тука на седницата.

Според тоа давам пауза од 15 минути, бидејќи министерот за внатрешни работи сака да даде воведно излагање во врска со Информацијата.

Предлагам пауза од 15 минути. (По паузата).

Констатирам дека имаме кворум за работа.

Продолжуваме со работа по 25 точка од дневниот ред.

Процедурално се јави господинот Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Господине претседателе, јас имам еден предлог до Собранието.

Имено, ако можеме сосема кусо да ја отвориме 27-та седница на Собранието, поточно точка 11, каде што формираме пратеничка група за соработка со Јапонскиот Парламент. Ова ќе биде кусо. Тоа од причини што 27-та седница е почната некаде во септември минатата година, а од јапонска страна има покажано интерес за таа група дефинитивно да се формира, па затоа би замолил за согласност од сите учесници во расправата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во име на целата пратеничка група на ВМРО-ДПМНЕ имаме предлог да ја отвориме 27-та седница на Собранието, само со една точка, која од посебно значење.

Јас сакам да ви кажам дека во вторник овде ќе дојде и министерот за надворешни работи, веројатно и амбасадорот на Јапонија и сигурно кога во Собранието ќе ги примам, ќе се интересираат до каде се стигнало со формирањето на групата за соработка со Парламентот, па ако ништо против да ја отворам 27-та седница, само за 11-тата точка, да за групата за пријателство помеѓу двата Парламенти и после да со расправа по 34-та седница, односно по 25-тата точка од 34-седница.

Дали има некоја забелешка од страна на пратениците во врска со овој предлог? (Нема).

Минуваме на 25 точка од дневниот ред - Информација во врска на тројца припадници на Министерството за внатрешни работи.

Информацијата и извештајот на Комисијата за внатрешна политика и одбрана ви се поделени.

Комисијата за внатрешна политика и одбрана предложи заклучоци, кои се содржани во извештајот на Комисијата.

Пратениците Мевљан Таири и Замир Дика поднесоа предлози за изменување и дополнување на предлогот на заклучоците во форма на амандмани, кои ви се поделени.

Координаторот на пратеничката група на ПДП, Насер Зибери во име на пратеничката група поднесе Предлог на заклучоци, кои исто така ви се поделени.

Процедурално побара господинот Карангелески.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Почитуван претседателе, не го прочитавте и нашиот амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Да. Пратеничката група на ДА поединечно сите поднесоа исто така предлози за изменување и дополнување на

извештајот на Комисијата.

Отворам претрес по информацијата.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави подносителот на информацијата, министерот за внатрешни работи госпоѓата Доста Димовска.

Процедурално се јавува пратеникот Оломан Сулејмани.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дами и господа пратеници, вие знаете дека на претходната седница. кога се побара информација за случајот Арачиново, побарав јас информации за случајот Осломеј. До ден денес јас немам добиено писмена информација.

Бидејќи министерката е тука, барам да ми се одговори на тоа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За тоа ќе оцени министерката.

Има збор министерот за внатрешни работи госпоѓа Доста Димовска.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Точката на дневен ред има прецизен наслов.

Информација за Осломеј ќе добиете на првата наредна седница, која треба да се одржи наредната недела.

Почитувани пратеници, сосема е разбирлива вашата загриженост, вниманието на Јавноста, загрозеноста и осудата на убиството на тројцата припадници на МВР, во село Арачиново.

МВР ги презема сите мерки од своја надлежност за расветлување на случајот, за што до вас доставивме писмена информација, која воглавном ја содржи хронологијата на мерките и активностите на МВР за откривање на сторителите на злосторот. Не е наша надлежност да даваме информации од друг карактер за доказите, имињата на приведените, за мотивите и слично. Ние не сме обвинители, ниту судии иако некои, според своите изјави и настапи сакаат да си играат полицајци, судии и адвокати, занимавајќи се со случајот.

Врз основа на кривичните пријави, обвинителството донесе одлука за тоа дали да покрене обвинение или не. Согласно законската регулатива и судот ќе го каже својот збор.

Од самиот ден на злосторот постојат тенденции тој да се злоупотреби за поттикнување на меѓуетнички тензии во државата, имајќи предвид дека меѓуетничките односи се еден од најважните фактори за стабилноста на нашата држава, за што Владата води особена грижа.

Оттаму не одговорно грозоморното убиство да се користи како повод за дневно политички цели, за политички маркетинг, како потребна тема за подобрување на сопствениот рејтинг пред нечии партиски конгрес, за ослабување на позициите на Владата.

Загинаа тројца припадници на МВР, двајца Македонци и еден од турско етничко потекло. Не е морално, политички е не одговорно да се печалат политички поени на нивната смрт. Да не го користиме секој повод за политички цели, да не измислуваме контролирани и не контролирани зони од страна на државата, од криминалците да не правиме херои, затоа што се од македонска етничка припадност, или од друга етничка припадност. Факт е дека е неопходна транспарентност и јавност во работата на секое министерство, па и на МВР.

За време на активностите за расветлувањето на случајот, МВР секојдневно дистрибуираше соопштенија. Пред неколку месеци при акции на МВР некои нејзини припадници беа обвинувани за спектакуларност, за приведување пред медиумите, за непочитување на процедурата и на принципот на презумција на невиност. Сега од исто место се бара транспарентност, јавност, веројатно слично на споменатата. Многу ни е свежо сеќавањето на изјавите на претставници на МВР.

Неколку дена после атентатот на претседателот Глигоров. Тогаш слушавме за некакви сценарија, за инспиратори, за нарачатели, извршители и наредбодавци. Дали со слични приказни треба да излеземе и ние.

Почитувани пратеници, МВР главно го заврши својот дел од работата за случајот Арачиново. Останува случајот да се заокружи низ правна законска рамка.

Што се однесува до активностите за расветлување на случајот, би сакала да потенцирам неколку факти и информации.

Веднаш после злосторот, формиран е оперативен штаб со решение на министерот, за расветлување на случајот. Покрај таа задача, Штабот беше задолжен да утврди и евентуална одговорност на функционери и старешини на МВР кои дента кога се случи убиството ја организирале акцијата за откривање на сторители на дела и спречување на кражби на моторни возила. Утврдени се сериозни пропусти од страна на Штабот, од професионален аспект при

организирање на акцијата, за што е доставен извештај од Оперативниот штаб со комплетна документација. Откако ќе се лоцира одговорноста, ќе следи конкретизирање на одговорност на поединците, за што јавноста ќе биде известена.

Смртта на тројцата припадници на МВР е поука за сите нас, па и за зголемување на одговорноста и професионалноста во МВР, особено на функционерите и старешинскиот кадар.

Почитувани пратеници, поаѓајќи од првите оперативни сознанија од извршениот увид на лице место, разговорите со очевидците на настанот и преживеаниот полицаец, кога е дојдено до сознание дека како можни сторители на убиствата се лица од с. Арачиново, по наредба на истражниот судија пет лица се приведени во полициска станица. Со цел да се документираат извршените кривични дела, убиството, да се пронајде оружјето со кое се извршени убиствата на полицајците, возилата марка “Голф" и "Опел кадет", како и други предмети во врска со настанот, МВР презеде повеќе мерки и активности за претрес на околината на с. Арачиново и пребарување на одделни објекти, претрес на лица и приведување на лица, за кои постоело сомневање дека кај нив можат да се најдат траги од извршените кривични дела, за лицата за кои постоело сомневање дека се извршители на случајот.

Со претходно добиена дозвола од истражен судија МВР во с. Арачиново изврши претрес на лица и на осум објекти, куќи, штали, плевни и други објекти. При претресите се пронајдени и одземени четири пиштоли, за тоа имате информација, 22 куршуми, одредено количество дрога, фалсификувани патни исправи, девизи, а при тоа е настојувано тие да се вршат во рамките на овластувањата со законот.

Тргнувајќи од сознанијата за евентуални можни несакани последици и отпор кон полицијата, во акцијата учествуваше и дел од специјалните единици.

**ДОСТА ДИМОВСКА:** (Продолжение)

Спрема сторителите на делата во чии објекти при претресите е најдено оружје и дрога поднесени се кривични пријави. Основниот јавен обвинител ги прифатил кривичните пријави и спрема сторителите покренал кривична постапка, а истражниот судија им определил мерка притвор во траење од 30 дена, а спрема едно лице кое се наоѓало во бегство била распишана потерница. При извршувањето на претресите МВР оствари контакти со претседателот на Советот на локалната самоуправа, со останатите авторитети од Арачиново, вклучително и пратеникот и други видни претставници и граѓани од селото за да им се објаснат мотивите и целите на превземањето на акцијата, се со цел да се намали ризикот за можни конфликти меѓу полицијата и локалното население. Веднаш после акцијата во Арачиново на барање на локалните авторитети од селото, остварена е средба во Министерството на која што присуствував јас, имено за време на средбата сум известена за одредени поплаки на населението за материјални штети и за евентуални пречекорувања на овластувањата за бруталност на полицијата.

Од тие причини од општина Арачиново формирана е комисија, која изготвила записници за причинетата материјална штета, при извршениот претрес од страна на припадниците на МВР на 14.01.2000 година. Според записниците констатирана е незначителна материјална штета кај 11 семејства, која МВР е подготвено да ја надомести во целост. Штетата се однесува претежно на прозорски стакла, или стакла од мебел, делови од мебел, кујнски апарати и слично.

Исто така, би сакала да потенцирам пред Парламентот, доколку се утврди евентуално пречекорување на овластувања од страна на овластени службени лица при претресите, спрема истите ќе бидат преземени соодветни мерки на одговорност, почитувајќи ја законската процедура.

Продолжувајќи со превземање на потребните мерки и активности за откривање на трикратното убиство на полицајците, МВР на 17.01.2000 година по претходно набавена дозвола од истражниот судија, спроведе организирана активност во локалитетот Маврово во една викенд куќа, а со цел на откривање и лишување од слобода на лица, за кои што имало сознание дека се кријат во тој објект и заради откривање на предметите, со кои што се извршени кривичните дела. Притоа биле лишени од слобода три лица кои во два наврати пружиле активен отпор спрема полицијата и физички ги нападнале припадниците на МВР. Заради совладување на отпорот полицајците употребиле физичка сила, поради тоа што тие лица претходно биле регистрирани како лица кои поседувале огнено оружје, извршители на тешки кривични дела и уживатели на дрога. Припадниците на полицијата по совладувањето на отпорот успеале да влезат во викенд куќата, истовремено биле пронајдени во поблиската околина и во

возилото една пушка, пиштол, наркотичка дрога и друго. Приведените лица од Маврово се транспортирани со полициски возила до Скопје. Во моментот кога во полициската станица е забележано дека, приведениот Сабри Асани е со крајно влошена здравствена состојба, а тоа е забележано при самото негово вадење од возилото во дворот на полициската станица и неговото пренесување во зградата на полициската станица, веднаш е повикан лекар кој констатирал настапување на смрт.

Веднаш после тоа е повикана комплетно увидна екипа во состав: јавен обвинител, истражен судија, претставници од Институтот за судска медицина и криминалистика и претставници на крим техника. Извршен е увид на телото и на возилото со кое е транспортиран Сабри Асани. Со наредба на истражниот судија телото е предадено на обдукција во Институтот за судска медицина и криминалистика кој треба по наредба на истражниот судија да го испрати во обдукциониот протокол со констатација за причините на смртта. Дури после тоа откако со сигурност ќе се утврди причината и времето на настапување на смртта, МВР ќе може доколку се констатира дека смртта е насилна, да спроведе постапка за утврдување на евентуална одговорност на припадниците на МВР, за причините за настапување на смртта за Сабри Асани и тоа дали причините настапиле за време на апсењето, за време на транспортот, или по неговото сместување во просториите во полициската станица.

Почитувани пратеници, надвор од законската постапка е да се изнесуваат тврдења и причини за смртта, разни шпекулации кои што можат да донесат само вознемирување на семејството на Асани, исто така и на јавноста. Работејќи на расветлувањето на трикратното убиство, МВР во континуитет преземаше бројни планирани и координирани мерки и активности со истражниот судија и надлежниот јавен обвинител.

На информативни разговори повикани се и анкетирани се над 200 лица. Извршени се повеќе претреси на моторни возила, локалитети и објекти, како и проверки и утврдување на алиби на повеќе лица. Во рамките на крим техниката извршени се вештачења на повеќе парчиња оружје од различен калибар, како и на други предмети и бројни траги пронајдени при увидите на лице место, а направени се и фото робoти на можни сторители на кривичните дела и други активности.

Врз основа на сите мерки и активности и прибирањето на потребните докази и вештачења на 24 јануари, МВР до основниот јавен обвинител во Скопје поднесе кривични пријави против 11 лица, за кои посто и основано сомневање дека сториле кривично дело убиство по член 123 став 2 точка 6 од Кривичниот законик ва Република Македонија, како извршители и соизвршители на делото, а против едно лице кое се наоѓа во бегство распишана е потерница.

Основниот јавен обвинител од Скопје постапувајќи по кривичната пријава, поднел бараше за спроведување на истрага и определување на мерка притвор против пријавените лица за сторените кривични дела. Истражниот судија при Основниот суд Скопје II го прифатил барањето на основниот јавен обвинител за спроведување на истрага и определување на притвор и донел решение за спроведување на истрага против пријавените лица за сторените кривични дела.

Анализирајќи ги сите околности во врска со овој тежок злостор, кој што е без преседан во нашата држава МВР претпоставува дека врз основа на досегашните факти и сознанија, потенцирам дека претпоставуваме, не тврдиме, во конкретниот случај се работи за злосторнички чин без засега утврдени политички цели, или политичка заднина, кој злостор со начинот на извршувањето и тежината на последиците предизвика голем револт и осуда во јавноста, која бараше колку што е можно побрзо откривање на сторителите на кривичните дела и нивно изведување пред лицето на правдата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И благодарам на госпоѓата Доста Димовска министер за внатрешни работи за објаснувањата во врска со поднесената Информација.

Ние продолжуваме со претресот по Информацијата.

Пратеникот Никола Поповски има процедурална забелешка.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас процедурално би сакал да замолам да се даде кратка пауза, со оглед дека излагањето на г-ѓицата министер во врска со точката од дневниот ред, содржи многу нови моменти и сметаме дека самото излагање кое што беше усмено овде дадено, во суштина е многу по продлабочена информација, отколку писмената

информација, кој ја добивме ние пред неколку денови. Така што сметаме дека расправата треба да се одвива имајќи ги во предвид и фактите кои беа изнесени од г-ѓата министер, меѓутоа и политичките проценки за настанот кои во информацијата не се содржат, а кои г-ѓицата министер ги изнесе, дури и на товар на некои политички субјекти во државава.

Од таа причина согласно Деловникот, барам пауза од половина час, за да го добиеме стенограмот и да го проучиме кои се тие нови елементи и политички квалификации во врска со овој настан.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Пауза од 30,00 минути. (По паузата).

Продолжуваме со претресот по Информацијата во врска со убиството на тројца припадници на Министерството за внатрешни работи во село Арачиново.

Се надевам дека имавте време да го погледате стенограмот од излагањето на претставникот на Владата, министерот за внатрешни работи г-ѓата Доста Димовска.

За збор се јави координаторот на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ г-динот пратеник Чедомир Краљевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван заменик министер, почитувани колеги пратеници, најнапред во името на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ сакам да изразам најискрено сочувство на семејствата на загинатите припадници на МВР Кирил Петрушевски, Ерол Готак и Ацо Ангеловски.

Најостро го осудуваме злосторничкиот акт на убиство на тројцата припадници на МВР и изразуваме целосна поддршка на сите надлежни органи, кон целосно расветлување на случајот и негово окончување.

А сега би продолжил со сопствена дискусија.

Почитувани колеги, прво логично прашање што се поставува по случувањето на настанот во атарот на село Арачиново, е дали МВР постапило, односно ги извршило своите законски обврски согласно член 142 од Законот за кривична постапка. Имено, ако постојат основи за сомневање дека е извршено кривично дело, за кое се гони по службена должност, што во случајот е несомнено, МВР е должно да ги преземе следните задачи. Да преземе потребни мерки да се пронајде сторителот на кривичното дело за истиот или соучесникот да не се скрие, или не побегне, да се откријат и обезбедат трагите на кривичното дело и предметите што можат да послужат како доказ, како и да ги соберат сите известувања што би можеле да бидат од корист за успешно водење на кривичната постапка.

Заради извршување на овие задачи, МВР може да бара потребни известувања од граѓани, да изврши потребен преглед на превозни средства, на патниците и багажот за неопходно потребно време да го ограничи движењето на определен простор, да преземе потребни мерки во врска со утврдување на идентитетот на лицата и предметите, да распише потрага по лица и по предмети по кои се трага, да изврши преглед на определени објекти и простории, како и да користи други методи за исполнување на претходно наброените задачи.

Врз основа на така собраните сознанија, Министерството за внатрешни работи составува кривична пријава, во која ги наведува доказите за кои се узнало. Ако органите за внатрешни работи по поднесувањето на кривичната пријава узнаат за нови факти, докази, или траги на кривичното дело, должни се да ги соберат потребните известувања и Извештајот за тоа како дополнение на кривичната пријава да го достават до јавниот обвинител.

Од поднесената писмена информација произлегува дека, органите за внатрешни работи целосно постапиле во согласност со законските нормирани надлежности и ингеренции. Во Извештајот целосно е дадена хронологијата на настаните и сите преземени мерки и активности од страна на МВР и како финале на така преземените мерки и активности поднесена е кривична пријава до надлежното јавно обвинителство. Надлежното јавно обвинителство по повод поднесената кривична пријава против 11 лица, има побарано од судот, односно од истражниот судија да поведе истражна постапка, така што постапката против 11 обвинети лица е во фаза на истрага.

Второ логично прашање што само по себе се наметнува е мотивацијата на барателите на информацијата, да побараат ваква информација и по истата да се расправа пред ова Собрание. Имено, во член 8 од Уставот на Република Македонија стои дека, една од темелните вредности на уставниот поредок на РМ е поделба на државната власт на законодавна, извршна и судска, а исто така и владеење на правото, што значи дека државните органи и институции чинители на овие три подсистеми

во системот на организацијата на власта работат автономно и независно во рамките на надлежностите и овластувањата нормирани со законите и Уставот. Па така Собранието е претставнички орган на граѓаните и носител на законодавна власт, Владата на РМ носител на извршната власт, државната управа што ја сочинуваат министерствата и други органи на управата н организации утврдени со закон, истите работите од својата надлежност ги вршат самостојно врз основа и во рамките на Уставот и законите за својата работа се одговорни на Владата, а судската власт ја вршат судовите кои се самостојни и независни и судат врз основа на Уставот, законите и ратификуваните меѓународни договори. Одговорот на второто прашање доаѓа сам по себе дека, на барателите на информацијата единствен мотив им бил исполнување на некакви си само ним потребни дневно политички цели и ефекти кон сопствениот електорат, од причина што тој електорат е тангиран од аспект на извршителите на злочинот.

Веднаш тука произлегува и штетноста од оваа расправа, односно од барањето да се поднесе ваква информација и да се расправа по истата, бидејќи Собранието без потреба се инволвира во случајот, а тоа значи нарушување на принципот на стриктна поделба на власта и не мешање во надлежностите на трите носители на власта.

Ако не е така, односно ако барателите на информацијата се посомневале дека МВР не ги извршило своите законски обврски, по повод случајот во атарот на село Арачиново, тогаш истите имале на располагање други начини за да побараат политичка одговорност било на Владата, било на некои од функционерите кои раководат со МВР. Тука мислам на институтите интерпелација, односно барање за основање Анкетна комисија. Ако пак некој припадник на органите за внатрешни работи, или на било кој друг државен орган во вршењето на сопствената служба ги пречекори овластувањата, истиот е подлежен на одговорност за сторените пречекорувања. Само по себе се разбира дека никој не е изземен од одговорност, односно никој не е над законот, па било тој да е припадник на службата за внатрешни работи, или на било кој друг државен орган.

Според законот за внатрешни работи предвидена е дисциплинска одговорност, а во Кривичниот законик на РМ постојат инкриминирани така наречени службени кривични дела. Но, сето ова е тековна обврска на соодветни државни органи и нема потреба од посебно нагласување на таа нивна обврска.

Исто така, институцијата народен правобранител постои за да ги штити уставните и законските права на граѓаните, кога им се повредени од органите на државната управа и од други органи и организации што имаат јавни овластувања. На ова место ми се наметнува заклучокот да направам дистинкција на нерационалноста на барањето помеѓу барателите на оваа информација од Пратеничката група на ПДП и групата пратеници на ДПА. Мислам дека, второ спомнатите се иницирани да поднесат барање за ваква информација, само од проста причина што, прво барателите односно пратениците од ПДП тоа го побарале од популистички мотиви, поради дневно политички потреби, а вторите за да го разводнат и ублажат така очекуваниот ефект на првите. Штетноста од оваа расправа е мешање на надлежностите помеѓу државните органи, во услови на стриктна поделба на власта, па ако сакате и без смислата на завршниот документ што ова Собрание треба да го донесе по повод оваа расправа, во форма на јалови заклучоци.

Вака наметната расправа ги прејудицира нештата со краен политички ефект, наметнување на извесна дестабилизација и нарушување на меѓунационалните односи. Во текот на изминативе денови по настанот беа слушнати коментари, зошто МВР не излегло со информација пред јавноста каде целосно би го опишала случајот. Но, веднаш кажувам дека таква обврска за органите за внатрешни работи не постои според законот за Кривична постапка, а од друга страна активностите на МВР се од специфичен дискреционен карактер. Најлошо е некој да внесува небулози и да лови во матно, за да собира политички поени, кога органите за внатрешни работи чинат се што е во нивна надлежност целосно, да го разјаснат и да го окончаат немилиот настан. Сега случајот е во фаза на судска постапка, така што со несмален интензитет и одговорност и органите во оваа фаза на постапката работат кон истата цел, односно целосно расветлување и окончување на случајот. Апсурдноста од инволвирањето на Собранието во случајот, произлегува од една хипотеза, замислете во што би се претворило Собранието ако за секој кривично - правен настан, обоен со чисто криминални мотиви, би се барало информација и би се расправало по истата. Претпоставувам, Собранието би се претворило во некакво

квази правосуден орган, што секако не е ниту негова задача, ниту негова цел.

Јас целата оваа расправа единствено ја разбирам во функција на потенцирање и јавна осуда на настанот и израз на општото сочувство кон семејствата на загинатите припадници на МВР и во функција на осуда на злочинот и извршителите на злочинот.

И како апел барам да бидеме сите единствени и без исклучок освен ако некој самиот не сака тоа да биде кога е во прашање напад врз секого, а посебно на службените лица кои што носат униформа и симболика на држава Македонија, бидејќи таквиот напад според последицата, а не според мотивот може да биде нај различен, асоцира на напад на припадници на државни органи на Република Македонија, а понатаму асоцијацијата оди и до напад на самата држава Република Македонија.

**ЗАМИР ДИКА:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, почитувани членови на Владата.

Чувствуваме потреба да се изјасниме како пратеничка група за последните настани, кои ја потресоа јавноста на Република Македонија директно од собраниската говорница, со цел да се разјаснат што побрзо сите аспекти на овие случувања и да може навреме да се спречат сите негативни последици што логично би можеле да произлезат.

До овој ден, од денот на грозоморното убиство на тројцата припадници на МВР се даваат секакви мислења. За да го изразам моето видување, видување на еден народен избраник во врска со целиот случај а во контекст на тоа и да одговорам на некои исфрлени неблагодарни тези кои мирисаат на политичка боја за да се профитира на многу низок начин би сакал да ги изнесам познатите факти за да реално се дадат заклучоци.

Значи, ноќта на 11 јануари се случи тежок инцидент. Немилосрдно убиство на тројца припадници на МВР, тројца полицајци при вршење на контрола на регионалниот пат Скопје - Куманово, при влезот во општина Арачиново. Пред да навлезат да го анализирам начинот како е извршен овој злочин, според познатите факти сакам да ве потсетам како одекна тој чин во мене па и кај сите граѓани на Република Македонија.

Утредента откако се прошири веста за трагедијата можеше да се забележи горчината и тагата на лицата, во овој случај, на моите сограѓани, затоа што тој ден бев во Дебар, кој навистина сочувствуваа со семејствата на починатите млади момчиња и во секое семејство не можеа да се најдат зборови за да се осуди тој злочин.

Ова исто чувство го осетив и при посетата на Арачиново, каде што сите, ама баш сите жители на Арачиново го примиле настанот како да им се случила трагедијата во нивните семејства и отворено го изразуваа жалењето за ова грозоморно убиство.

Би сакал овде во име на пратеничката група на ДПА јавно да им изразам најдлабоки сочувства на семејствата на загинатите полицајци.

Од првите факти кои се изнесоа со случајот можеше да се заклучи на каков начин е сторено истото, со какво оружје, со каков вид коли беше пукано, но исто така дознавме дека од целата оваа ситуација едниот полицаец останал за чудо негибнат. Овој факт на почетокот ми влеа големи надежи дека убијците многу брзо ќе бидат идентификувани и фатени со што ќе се расветли целиот случај. Значи ќе се знае кој ги убил и кој се мотивите за убиството. Со тоа ќе се решеа сите оние дилеми кои со право се наметнаа, ќе немаше простор за политички шпекулации, а ќе останеа настрана политичарите мршојадци или профитери по сето тоа добро измислено сценарио. Но сепак, се надевавме дека многу брзо ќе се разјасни целиот случај и тоа многу го посакувавме. Ова е што се однесува до почетните сознанија и ставови по првиот ден на настанот.

Од друга страна, таа ноќ после дознавање на веста, нашите пратеници од Скопје отидоа истата вечер на местото на настанот, за да од теренот се запознаат со околностите, земајќи ја во предвид тежината на случајот. Што подразбира со тоа - тежината на случајот?

Како прво, се работеше за тројца убиени полицајци и голема загуба особено за нивните униформирани колеги, врз кои во тие критични моменти можеше да се предвиди емоционалниот фактор при преземање на првите чекори за расветлување на случајот и ризикот на одмазничко однесување кое би ја попречувало акцијата на органите на МВР, за откривање на вистинските сторители.

Второ, земајќи го во предвид начинот на кој МВР досега реагираше на пример во Гостивар, Мала Речица, Кичево, како најсвежи примери кога несомнено предводена од тогашните владеачки структури и тогашната политика кон

Албанците што живеат во Република Македонија, кон еден дел на граѓани на Република Македонија со друго етничко потекло, со искажаниот бруталитет и нечовечкото пречекорување на овластувањата, особено кога се влегуваше во куќите на Албанците, или при нивно казнување, кое доведе и до случај на убиства на не вооружени граѓани на Република Македонија од раката на политички мотивирани претставници на МВР.

Земајќи во предвид дека сето тоа пречекорување на овластувањата, не дека не беше казнувано, туку и со дигнат прст беше легитимирано. Доведоа да се зацврстат и понатаму корените на класично анти албанско расположение и потоа тие корени се култивираат понатаму и се зацврстија до тој степен што и при едно обично запирање на кола кога ќе се видеше дека возачот е Албанец се знаеше дека ќе му ја побара кутијата за прва помош, триаголникот, сајлата, па дури и синџири во летен период. Сета таа грешна и ризична политика, која тврдоглаво се инволвираше во структурите на МВР, прогласувајќи априори една третина од граѓаните на Република Македонија за потенцијални лоши момци, кои можат да се држат под контрола само ако се казнат.

Оваа институција дефакто беше затворена за Албанците. Тој факт го поткрепуваат процентот на Албанците во МВР, кој е мизерен под сите африкански стандарди. Оваа теза ја поткрепува и бившиот премиер кога пред јавноста просто зачудено праша, како може еден Албанец да биде директор или началник на полиција?

Оваа политика на челниците на МВР, доведе и до работ на нелојалноста на еден народ кон институциите на системот, затоа што тие секогаш беа постфестум дежурни кривци и цел на една политичка елита, која врз нивниот грб го продолжуваше животот на власта, доведоа до работ на лојалноста, инструментализирајќи го тој инструмент во униформа. Тогаш, од тој механизам потпомогнат од дел од судските органи, фразата е правна држава, владеењето на правото, државен интерес, независно судство, добија конотација на празна фраза.

Ова не го зборувам, затоа што ситуацијата е емоционална, туку тоа сум го осетил и сум го гледал со мои очи, а сме го дигале гласот илјада пати, сме констатирале многу пати дека таквата меѓунационална политика, таквото политичко инструментализирање на МВР, може да ја смени иднината на оваа држава, со тврдењето на цел еден народ априори како неподобен.

Овие повици не беа слушнати од тогашната политичка елита и дури беа арогантно потценети, за среќа некој друг ги слушна. Тој глас го слушна народот и затоа одлучи да ја смени политичката капа во Република Македонија, затоа што виде дека злото само зло може да донесе.

Ве молам немојте да ми реплицирате во овој дел на текстот, затоа што навистина тоа ќе изгледа очајнички, особено пред еден цел етникум и со тоа би продолжиле да ги навредувате.

Кога како партија одлучивме да влеземе во оваа коалиција, знаевме дека искоренувањето на тие срамни долги корени, со цел да се професионализира и истовремено демократизира, особено МВР ќе биде една од најтешките задачи на коалицијата. Не бевме наивни во тој поглед, бидејќи деценискиото хипнотизирање со анти албанско чувство ги исхипнотизира и самите хипнотизери па тој процес на приспособување на структурите на МВР за новиот милениум и новите стандарди за да обезбедиме поквалитетен живот ќе биде тежок. Сето ова за нас беше индикативно. Делуваше предупредувачки, земајќи во предвид дека случајот се одвил во општина, каде што во мнозинство живеат Албанци. Потајно се плашевме да не надвладеат тие се уште застарени анти чувства кај некои структури во МВР, кои ќе ја искористат тежината на случајот и ќе го прејудицираат сторителот, ослонувајќи се на етничката припадност со што ќе се оставаат настрана конструкцијата на местото на настанот, моменталните докази и темелната проверка на информациите и дури потоа ќе се интервенира законски спроведувајќи го законот.

Се плашевме дека по смената на министерот на МВР, кога се виде дека во МВР не се случува приспособување во контекст на новите времиња на професионалност и демократија и дека новиот министер јасно стави до знаење дека процесот на реформа треба да ги опфати сите институции тие луѓе во МВР и надвор од него кој профитираат кога во државата е нестабилно и има кризи ќе го искористат моментот и ќе се обидат да го вратат старото чувство за несигурност во државата.

Со ова сакам да кажам дека, припадници на МБР при претресувањето на куќи во Арачиново не ги поштедија ни помалите ни постарите. При таквата акција за тие кои немаа униформа не важеше во тој момент ниту правдата ниту правната држава.

Навистина на брутален начин во некои случаи се претепани и омаловажени недолжни граѓани на Република Македонија. На оваа конфузија и ова малтретирање на жителите на Арачиново, му помагаа од една страна некои не транспарентни изјави од служби на МВР, нејасни информации во врска со сторителите од една страна, а од друга страна некои медиуми кои учествуваа во ова колективно прејудицирање и кои прогласија цела една општина, како криминогено и ги омаловажија сите тие чесни селани кои мака мачат за егзистенција.

Значи, со имињата на тројцата млади и невини полицајци, некои кругови во МВР сакаа да профитираат и со тоа злочинот да го искоренат со злочин, овој пат во униформа, заборавајќи дека тоа може да раѓа само друг злочин и да прерасне во бескрајна спирала на злото. Но, можеби некој го посакуваше токму тоа и уште го посакува. Зошто вака реагирам? Затоа што за околу 200 млади луѓе, или по некоја коинциденција сите Албанци се најдоа во подрумите на полициските станици.

Но, како се спроведуваше притворањето и сослушувањето. Тоа беше се, само не на начин како кажува законот. Таткото на еден од приведените од Чаир, чие име нема да го спомнам, затоа што не се работи за еден случај, туку за цел еден феномен, ме викна дома за да го видам детето откако беше пуштено. Детето било едноставно киднапирано од страна на припадниците на МВР од работното место, миејќи коли и со вреќа на глава го однеле во некоја полициска станица. Таму бил физички и психички малтретиран и омаловажуван од страна на маскирани полицајци и што е најчудното. Околу 120 часа; значи 4 дена родителот не бил известен ни дека детето е приведено, ни каде е ни како му е. Таткото имаше ангажирано и адвокат со кој зборував и кој иако Македонец беше згрозен од овој начин на спроведување да речам на киднапирањето, затоа што се знае дека после 24 часа притвор треба или да се покрене истражна постапка од истражниот судија или да се пушти приведеното лице. Немале шанси ни да можат да се видат со адвокат, ниту секакво барање да им се објасни зошто се приведени, биле нечовечки малтретирани. Таткото со адвокатот цели 4 дена трагале по информации за причините на приведувањето и за тоа каде им е синот. Во МВР сите бие недостапни за загрижената фамилија. Кога бил вратен дома после 4 дена бил буквално фрлен со вреќа на глава и без никакво објаснување.

Детето 4 дена немаше ништо јадено и кажуваше за хорорите таму долу. Кажуваше за некои приведени лица од другите келии, кои ги тепале по 24 часа. Ангажираниот адвокат со права револтиран рече дека ова го немало ни во Средниот век. Се согласив со него и се прашувам, зошто ние донесуваме закони кога оние, или дел од оние кои се грижат за нивната примена ги кршат.

Нормално овде нема да се прогласува како Алија и Кадија, значи не би сакал да судам, зошто токму тие имиња биле на листата на приведените, бидејќи сметам дека тоа спаѓа под ингеренциите на МВР засновајќи се на извори, на информации, но начинот на кој се приведуваат, физичката тортура, нечовечкото омаловажување по етничка основа, не давањето никакви информации на фамилиите на приведените, држењето во притвор повеќе од времето дозволено со закон, значи непочитување на ниедна постапка за приведените лица, може само да не врати во вртлогот на злочинот.

Сето ова кулминираше со уште еден одземен живот. Животот на младиот Сабри Асани, кој беше фатен и истовремено осуден од истиот орган. Не е доволно да се каже дека починал во мистериозни околности.

Едно е важно, тој почина во комбето на полицијата и евидентни беа траговите на неговото малтретирање.

**ЗАМИР ДИКА:** (Продолжение)

Самиот овој факт е доволен, најитно да се заврши наодот од обдукцијата и да се покрене процедура за сторителите на тој чин. Убиството е убиство, а извршителот треба да се казнува, како со униформа, така и без униформа. Тоа е лошата улога на одредени припадници на МВР. "Сами Алија, сами кадија". Јас им велам на тие структури во МВР, кои работат по старото, да не ги пречекоруваат овластувањата дадени со закон, да не ја преземат улогата на Господ. Да не ги оскрнуваат имињата на трите загинати полицајци и во нивно име да убиваат.

Затоа што тие загинаа, бранејќи го законот, на работна задача и само почитувајќи го законот може да се расветли случајот и да се фатат вистинските сторители. Но зошто тоа го прават одделни криминалци во униформа. Јас го знам одговорот, затоа што и досега правеле така и досега не сме слушнале за ниеден сериозно казнет полицаец, што ги пречекорил овластувањата. Се плашам, да не биле можеби наградени, оние кои биле најсурови, кога се испитуваа припадници на еден

идентитет. Многу дилеми, со многу аргументи.

Апелирам што побрзо да се објават имињата на вистинските сторители на тројното убиство и да се изведат пред лицето на правдата, заедно со сите тие кои не го почитуваат законот и ги пречекорија овластувањата.

Многу брзо следуваше нападот врз полициската станица во Осломеј, во село Некиштани, во една караула, истрагата е во тек. Се ми изгледа некако поврзано и затоа се прашувам кому му пречат обидите да се релаксираат меѓунационалните однос, кому му пречат инсистирањата да се професионализира и современо деморализира МВР. Кому му пречат обидите во судовите да не се суди по етничка припадност, кому му пречат напорите за демократизација на општеството, кому му пречат напорите за интегрирање на Албанците во институциите на системот. Кому му пречат напорите за интегрирање на Република Македонија во евро структурите и НАТО. Кому му пречи граѓаните на Република Македонија да живеат сигурно и да посакуваат да живеат подобро. На тие што така мислат и дејствуваат, ќе ги разочарам.

Затоа што ние сме многу цврсто определени да ја демократизираме Република Македонија, да ги прифаќаме реалностите и да ги пренасочиме во дефинитивна нагорнина, за подобрување на животот на сите граѓани на Република Македонија, да ја приближиме Република Македонија што поблиску до членството на Унијата, каде што многу квалитетно и достоинствено се живее. Да ги прифатиме тие стандарди со заедничка распределба на одговорностите. За што побрзо да ја постигнеме оваа цел, апелирам до МВР и правосудните органи, што побрзо да ги изведат пред лицето на правдата сторителите на тројното убиство и најостро да се казнат за тоа грозоморно убиство. Исто така, да се најдат и мотивите, целосно да се расветли случајот.

Апелирам што побрзо или паралелно со оваа истрага, јавно да се изнесат наодите од обдукцијата на починатиот Сабри Асани и сите тие полицајци, кои очигледно учествувале во неговото казнување, да се најдат и да се осудат, заедно со убијците на тројцата припадници на МВР, бидејќи злочинот е злочин и нема лице. Не познава националност, или униформа, бидејќи сите сме еднакви пред законот или би требало да бидеме.

Ако наодите на обдукцијата, не се совпаѓаат со оние кои ги видоа трагите на малтретирање, на телото на покојниот Асани, како и некои други траги, кои очигледно, можеа да се забележат, барам да се изврши научна обдукција, со која би се решиле сите дилеми околу тоа.

Да се покрене истрага од МВР, за пречекорување на овластувањата од секој вид и иститe да се казнат според законот, затоа што со тоа ќе докажеме дека сме правна држава. Да се бара директна одговорност од челниците на Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање, кои при вршење на истрага, не почитуваа ниеден закон и беше повеќе од очигледно дека во таа служба се врши паралелна истрага.

Бараме оставка од директорот на Дирекцијата за безбедност и разузнавање и одговорност на сите инволвирани во таа паралелна истрага.

Да се процени направената штета при претресот во домовите на жители од таа општина и штетата да им се надомести.

Дефинитивно да почне процесот на реформа и во МВР, со цел да се професионализира и демократизира и еднаш веќе и оваа врата, оваа институција да се отвори и за националностите, со што ќе имаме реални предуслови, за искоренување на сите анти чувства, што практично постојат, за жал.

Тука господо министер, ќе ја имате нашата целосна поддршка, но верувам и поддршката на целокупната јавност во Република Македонија.

Ние како пратеничка група, најсериозно и одговорно, ќе го следиме текот на расветлување на целиот настан и до крај ќе се залагаме, сите кои го прекршиле законот, да се казнат, без разлика на етничката припадност.

Само така можеме да одиме напред и сите да добиваме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Замир Дика за учеството во расправата.

Има збор господинот пратеник Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, дами и господа, најтешко сигурно им беше и сега им е на семејството на загинатите полицајци и на семејството Асани, потоа во споредба со вас колеги, најтешко ми е мене, затоа што доаѓам од изборна единица, каде што се случи овој трагичен настан.

Затоа, не протоколарно, туку искрено, сочувствувам и сожалувам со семејствата Готак, Петрушевски, Ангеловски и Асани. Се случи еден трагичен настан. Уште од почетокот, не се поставив како опозиционен пратеник, имав одговорен пристап во случајот, а истото го барам и од вас, драги мои колеги, пристапот треба да биде сериозен, кон целиот случај, затоа што на 11 јануари 2000 година, се случи овој трагичен инцидент, трагичен настан на регионалниот пат Скопје - Куманово, во близина на Арачиново. Убиени тројца припадници на МВР, дознавам и веднаш со градоначалникот на местото на настанот и вендаш воспоставивме контакти, со претставници, се разбира, високи функционери на Министерствово за внатрешни работи. Ги добивме првите информации, односно, тоа што се вели информации од прва рака. Претставниците од Министерството за внатрешни работи, водени од господинот Докузовски, дојдоа во просториите на општината Арачиново. Таа информација од прва рака беше, дека се убиени тројца полицајци. Се знае дека тоа се случило некаде во 22,30 часот, се знаат колите и типовите на коли,"Опел кадет", "Голф" и "Форд Ескорт". Зборувам за 11 во 22,30 часот. Се разбира, со нив сочувствувајќи, затоа што загинаа нивни колеги, се договоривме, со наше инсистирање, пошто во село Арачиново, односно атарот на Арачиново беше веќе поставен појас на сили на Министерството за внатрешни работи, да не се оди на општ претрес ноќе, затоа што во село се спие малку порано, а ова се случи во 22,30 часот, туку со самиот факт дека веќе се знае за кој типови на коли се работи и за среќа жив сведок колега на загинатите полицајци, се договоривме, многу искрено, да се оди селективно и да се најдат виновниците, односно сторителите на овој гнасен акт.

Јас како пратеник на таа изборна единица и со другите во раководството на општината и градоначалникот, со претставниците од МВР, останавме некаде до 3 часот ноќе, а ние до 7 часот наутро.

Се разбира, јас имам мое видување, имам видување и на мојата пратеничка група, имам видување и за мојата општина, затоа што работите се врзуваат така, затоа што сите сме на еден начин заинтересирани и сме заинтересирани да го дадеме нашиот придонес, сега да се најдат вистинските сторители.

Утредента имаше полициски патроли. Почнаа да се приведуваат тие, кои се разбира, спрема тие податоци со кои располагал органот, да се приведуваат осомничените. Но утредента, исто така, имаме еден одек во јавноста. Се разбира, тоа се правеше преку медиумите, еднаш вест, потоа коментари, квалификации, оценки за целиот случај. Арачиново фокусирано како населено место со вакви квалификации: Мека на шверц, дрога и оружје, опасно место за живеење, екс територија, би правел една банална дигресија, можеби е екс територија, затоа што дел од патот, не може да се оди до Арачиново по тој пат. За овој случај знам дека правам банална дигресија, но намерно го правам тоа.

Со вакви квалификации, веќе има и обид за аверзија и негативно расположение кај населението, односно во Републиката за Арачиново. Иако извештаите последните години на полициската станица во Автокоманда за Арачиново, не се многу, би кажал, со некоја "црна хроника", "црни извештаи", дека е место, кое е опасно за живеење. Неприфатлива е таква квалификација.

Затоа што, морам да ви кажам, таму нема никаков ноќен живот, нема некоја традиција и сите извештаи кажуваат, дека сепак, како село е мирно село. Мислам дека тоа се меродавни извештаи од полициската станица во Автокоманда.

Осудата за криминалците убијци, не што беше само на пратеникот, туку и на Советот на општината, на градоначалникот, на населението, односно на граѓаните на Арачиново, а веројатно таква осуда имаше и во целата Република. Нормално, не можеме да се согласуваме до крај, со паушални квалификации, без доволно чувство за нас самите. Се создаде простор тие денови да имаме такви квалификации, се создаде простор, затоа што истрагата добиваше во тек, текови и никако да се дојде до тоа што е вистината, односно да се најдат сторителите.

На 14 јануари 2000 година, во 11,40 часот како што пишува во Информацијата, интервенција со големи сили на Министерството за внатрешни работи, во дел од Арачиново. Точно е дека е воспоставен контакт, откако почна интервенцијата, со претставниците на Министерството за внатрешни работи, односно високи функционери. Договорот да, претресување, но без насилство. Мислам дека пратеник, градоначалник и раководство на општина, ако се состане со претставниците на Министерството за внатрешни работи, исто така, функционери, треба да има сериозност во сето тоа, зошто се прави тоа, зошто се

прави таква средба, за да не се остави работата на тие кои, веројатно со време и со години се присилени или ставени во некои регистри како луѓе, кои им требаат на полицајците, така наречени кодоши. Но, откога се случи таа интервенција во овие куќи, заедно со претставниците од МВР, веќе бевме сведоци на едно насилство, едно малтретирање и бруталност, констатирано и од нас, јас како пратеник, се разбира и градоначалникот и од високите функционери на МВР.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:** (Продолжение)

И, не можеше друга констатација и друга оценка да се даде дека тоа беше, на еден начин, еден чист реваншизам. Намерата да се најдат докази, значи оружјето, затоа што за тие кои се осомничени, веќе беа приведени. И, ден денес мислам дека не беше како што треба изведено, ќе рече некој зошто навлегуваш во тоа што е стручно? Навлегувам, затоа што ако одиш на фаќање на риба и прво фрлиш камен, па после сакаш да фатиш риба, тоа веќе јас мислам дека нема фаќање на риба.

Од сето тоа што беше бруталност, јас само со еден пример, за жал ќе морам да го илустрирам како постапи таа специјална единица и тие полицајци од специјалната единица.

Едно дете од 12 години, целото трауматизирано, го гледав, раскажува и вели: ме удрија со кундак и се што имаат како оружје и после, кога почнаа со претресот на куќата мене ме ставија како скалило на скали. Бидејќи недостасуваше некоја скала, јас служев за да газат преку мене полесно, тие специјалци, да влегуваат во домот за претрес.

Или, кога кажуваа децата, родителите, жените, мамо или тато, подобро нека не убијат побрзо отколку три - четири часа вака да не остават на милост и немилост. Ова се сцени што навистина морам да ви ги кажувам, знам дека ќе ве потресе сево ова. Меѓутоа, да послужи за понатаму какви ќе бидат мерките да не ни се случуваат вакви сцени. И, сето тоа ние го изнесовме кај министерската Димовска во една средба.

Морам да ви кажам, да признам, дека комуницирањето со раководството, во никој случај не беше тешко да се воспостави таа комуникација. Но, веста дека во Маврово, во вилата на семејството Асани, дека е починат Асани под тие околности, мистериозни, какви – такви, што ние ги слушаме, ги гледаме и ги прочитавме во Информацијата, апсолутно не кореспондира со тоа што ние го видовме, апсолутно не кореспондира со она што го видоа новинари, сниматели и луѓе кои беа дента кога се вршеше погребот.

И, затоа, се уште чекаме на таа обдукција со извештаи и затоа бараме да биде извештај за јавноста, да знае под какви околности, значи е за нас, се додека не добиеме таков извештај од направената обдукција, тој е убиен, затоа што во дел од Информацијата веќе се вели дека се употребувала сила. Таа сила каква била? До која мерка, до кој степен е употребена од специјална единица, на луѓе кои велат дека биле под наркотични средства и т.н.

Нормално, револтот кај граѓаните, значи истовреме сожалување, сочуство со граѓаните, сега доаѓа и револтот. И, мојата задача беше секогаш и на раководството на општината да најдеме сили и во овие случаеви, секогаш, со смирувачки тонови да не се прави друго зло од едно зло и тоа ни беше намерата. Мислам дека тука направивме се, се разбира во рамките на нашите можности.

Ако ништо друго, нели аргумент дека направивме се, да ве потсетам само на една изјава на сопругата на почитаниот Сабриу, со човечка надвишеност изјавува "Сега и јас сум со семејствата на убиените полицајци и јас се приклучувам да ги најдеме (значи се приклучува на истрагата) сторителите убијци".

До Арачиново инцидент. Дали сега тоа беше и пред текст? Сите тие кои беа на тие, така наречени информативни разговори зарем и понатаму ќе дозволиме колеги пратеници, методот на распитување, на распит да биде со малтретирање, кога сето тоа може да се направи многу софистицирано? Вие гледате во демократските земји дури и кога веќе се сигурни за убиецот, ќе ѕвонат, ќе прашаат - дали сте денеска расположени за разговор околу убиството?

Е, некој ќе рече па ние сме далеку од таа демократија. Не знам од кого ние бараме да градиме таква демократија? Што претставуваме ние тука како пратеници? И, сакаш - не сакаш полемизираш со теорија или теза не е оваа работа за Собранието или за Парламентот. Ние нема да навлегуваме во тоа што ќе биде предмет на судството или на истрагата. Меѓутоа, ова се прашањата за кои мораме да кажуваме.

И, дали имаше простор за шпекулации овие денови? Затоа што поминаа 20 дена. Имаше. Имаше изјави на партии, имаше изјави на лидери, дури и висока

политика. Висока политика се водеше овие денови за и околу инцидентот до Арачиново. И, добивме една официјална информација, еден официјален настап на првите луѓе на МВР. Десет плус еден осомничен, еден во бегство, три плус еден основано осомничени по кривична пријава и т.н.

Сакаме - не сакаме можеме само да навлеземе до тоа колку е контрадикторно и дали логиката понекогаш треба да врзува или да не врзува некои работи? Можно е сторителот, така наречен сторителот, да признае - јас го направив убиството, свесен сигурно за тоа дека тоа значи 20 години робија, а да не признае каде му е оружјето. Тука отвораат дилеми. Мислам дека тука е, кога тој ќе признае од кои методи, притисоци, присила каква, меѓутоа ако признава како сторител и да не признава каде е колата и каде е оружјето, поврзете ги и помогнете ми господа пратеници, јас ве молам.

Мотивот за такво убиство треба да биде голем. Мора да биде голем. Не сакам шпекулации зошто и каков мотив, меѓутоа од тоа што ни се прикажува во Информацијата, кога спомнуваш четири пиштоли, 50 грама дрога и 500 грама наркотична материја, со тоа апсолутно не можеш никого да убедиш, за такво нешто да правиш, такво професионално убиство, барем јас колку ги имам информациите, дури и со дотепање.

Јас не велам дека овие притворени дечки, затоа што има таму и 15 годишно дете веќе во притвор, дека во нивното досие немаат нешто проблематично направено и не се проблематични. Меѓутоа, кога зборуваме за вакво убиство, тогаш веќе не можат така лесно да се врзуваат работи и да прејудицираш дека, токму тие луѓе се сторители и енигмата уште поголема, добро што е жив и здрав, меѓутоа сведок има, за среќа, жив полицаец.

Во Информацијата се добива еден впечаток, како истрагата ем е завршена, ем е во тек со нови сознанија. А премиерот кажа, случајот затворен и тоа пред неколку дена пред да ја добиеме Информацијата.

Во нашето барање, како пратеничка група, нагласуваме таму намерно, поради одекот, случајот, односно инцидентот станува случај н станува настан и не можеме ние, како пратеници, да бидеме рамнодушни до таму, дека ова нема политичко - безбедносна димензија, како веќе, штом прераснува во настан и во меѓувреме се случуваат и неколку инциденти, за среќа без жртви, не можеме ние како пратеници така лесно да прифаќаме изјава дека, сето ова е во рамките на ситен или крупен криминал и тука застанува работата. Затоа што прашањата, понатаму одат: Како функционира МВР? Дали е партиско, повеќепартиско Министерство за внатрешни работи? (Дофрлање од место дека е тоа државен орган).

Се разбира, јас тоа најдобро го знам, тоа е институција, државен орган. Меѓутоа како пратеник и од сето тоа што ни се случува такви прашања поставува. Поставуваат и граѓаните. Има ли опструкции во самото Министерство? Дали има субординација која оди до крај или застанува некаде? Дали политиката е криминализирана? Ова се прашањата што се поставуваат. Дали од судирот на политички опции во Република Македонија, доведува до тоа да се појавуваат вакви состојби? Јас тоа ќе го илустрирам како облаци во судир - гром. А, во овој случај громот пак паѓа кај граѓаните, недолжни, а во овој случај пак кај Албанците, Албанско население. И, се разбира кај полицајците како недолжни, кои биле во функција, нормална рутинска контрола на фалсификувани коли.

Зборуваме криминал, шверц. Има и во Арачиново. Прашувам каде нема? Прашувам, кажете ми каде нема? И, се поставува прашањето дали и нешто друго во оваа Република наша, Македонија се шверцува?

Во последно време, тоа е мое видување и со полна одговорност го кажувам се шверцува и политика. И политика се шверцува во Република Македонија. А, кога се шверцува политиката, импликациите се синџир, импликации и криминални дејствија и т.н. Затоа што, судирот на опциите бескомпромисни го губиме ние како партии чувството, до таму што страда граѓанинот. Како што настрадаа овие семејства, зашто бескомпромисноста оди до таму со најниски удари, што е можно и не смееме до таму да ги доведуваме состојбите и се извинувам што навлегувам во тоа, односи СДСМ - ВМРО, односи ПДП - ДПА, СДСМ - ДПА. Сето тоа, ако го губи сенсот на тоа што е нај одговорно, а нај одговорно е каква е нашата поставеност кон граѓаните, тогаш се гледа, се гледа во секојдневието, кој ги сноси последиците. Тој обичен граѓанин, кој сака чесно на четири години да гласа за нас како пратеници. А ние и понатаму инсистираме да останеме на страна од сите овие случувања. И понатаму дозволуваме министер, заменик министер или од Владата, да не дисциплинира јавно тука, за малку што не ни рече - не отворајте уста, затоа што ние со години ова го дозволуваме и се ставаме во аминџии, а пратеници,

пратеници нај легитимно избрани и понекогаш кога сакаме да се фалиме, повеќе велиме народни пратеници.

Се прашувам до кога владите ќе се извлекуваат со констатациите од типот "па тоа го прават останати структури во Министерството за внатрешни работи". На 11 јануари 2000 година, кој беше на власт, одговорете ми? Денеска кој е на власт, одговорете ми?

Зошто велам вака? Владата на господинот Кљусев 1992 година, се случи Бит Пазар и тогаш - "па има останати структури во полицијата кои прават малтретирања, бруталности од тој систем што отиде". 1992 година. После 1992 година, Владата, (дофрлање од место) чекај, и тоа ќе го кажам Владата на Црвенковски, исто така се случува Гостивар и со ист терк репресија, се тоа што се случи, убиства и т.н.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:** (Продолжение)

Ние како пратеници дозволуваме, за сите пратеници велам, не велам за една пратеничка група, дозволуваме да кажеме дека формираме комисија, ќе видиме, нешто ќе смениме и т.н., и си продолжуваме.

И, сега, Владата на Георгиевски пак, ние и понатаму како пратеници ќе кажеме, па да, останати структури го прават ова што е бруталност тоа. Јас се прашувам, тој полицаец на таа специјална единица, ако имал на дента кога бил во Арачиново 22 или 23 години, во 1990, 1992 година, колку години имал? 10 или 12 години. Останата структура е тој?

Немојте Ве молам, не можеме ние така лесно да се извлечеме од одговорност само гледајќи, па мина тоа на минатата Влада, па минатата Влада. Зошто се прават изборите? Не се прават избори од лошо да бираш полоша Влада, туку ако ние сакаме да ни биде добра, а треба да се оди на избори, од добра да се бира подобра Влада. И, тек тогаш кога ќе стигнеме до тој стадиум на размислување наше, од добра да има подобра Влада, тогаш ние можеме да одиме односно да бидеме спремни да се вклучиме таму каде што се стремиме.

Ако ни се случуваат вакви работи, дали ние можеме така лесно да преминеме преку тоа и да кажеме, никој во овој случај настан Арачиново нема политичка одговорност. Можеме ние да велиме дека никој не може да има кривична одговорност. И, можеме ние така лесно да поминеме и да го завршиме и ова, со тоа дека се беше како што беше, оставаме нека одлучат органите, судот, јавното обвинителство, а ние како пратеници ќе чекаме тие што ќеречат.

Меѓутоа, состојбите не се баш така не комплицирани и така едноставни. И, јас сум, секој во својот дел од своја позиција за сето ова да сноси одговорност. Нормално е, дека ние имаме заклучоци, кои ќе ги предложиме како пратеничка група, но едно е сигурно дека тој што треба да носи политичка одговорност, треба да сноси политичка одговорност. Тие што се сторители со име и презиме, се разбира дека ќе имаат кривична одговорност и сето тоа.

И, ако нашиот настап биде сериозен, без никаква намера за некаков рејтинг, јас најискрено Ви велам и така ќе завршам како пратеник од таа зона, значи од таа изборна единица, ги молам сите кои ќе земат збор во ниеден случај да не ја употребуваат говорницата за политички маркетинг во овој случај, затоа што инцидентот е трагичен и во овој случај секое поентирање, мислам дека, политичко поентирање. ќе ги навредува, мислам дека рече еден од моите колеги, прво, семејствата кои имаат загинати на овој случај и Ве молам, да направиме сите ние како претставници на политички партии, на политички субјекти, тоа што реков, доста е со шверц политика.

Да се вратиме ние на политика за која ние како пратеничка група молиме со години, оригинална, изворна од ова поднебје, затоа што тогаш и граѓаните ќе имаат подобро разбирање кон нас и многу полесно, верувајте, многу полесно ќе ги надминеме овие тешки, трагични инциденти, кои што ни се случуваат. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Исмет Рамадани за учество во расправата.

Збор има г. пратеник Алириза Лога.

**АЛИРИЗА ЛОГА:**

Почитуван претседателе, почитуван заменик министер, дами и господа пратеници.

(Сејфедин Харуни бара да се јави процедурално).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Па, веќе доби збор.

Добро, нека ја заврши дискусијата г. Лога, па ќе Ви дадам збор.

Ако инсистирате повелете, процедурално.

Господинот Харуни се јавува процедурално.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Зборуваме за Информација на Владата и тоа презентирана во Собранието на Република Македонија и како точка на дневен ред е.

Зошто немаме претставници на Владата тука? Гроздановски не може целата Владата да ја претставува. Тука виза на оваа Информација имаат сите членови на Владата дадено. Бараме нивното присуство да биде тука.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За мене, заменикот министер е член на Влада.

Во оваа ситуација ние имаме претставник на Влада и можеме да работиме.

Да беше некој помошник или потсекретар, во таа ситуација ќе ја прифатев Вашата процедурална забелешка, така што мислам дека немате право.

А, дали министрите имаат други обврски, каде се и т.н., тоа е друго прашање.

Можеби и ја следат од своите кабинети некаде расправата.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Некоректно е, самата министерка тука ни држеше говор.

Е, сега, дел од нашите дискусии е поврзан и со нејзиниот говор тука.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Точно е тоа, меѓутоа, госпоѓата министерка има свој заменик, ќе дојде подоцна, ќе се приклучи, сега има некои одредени обврски, за кои што ме извести и затоа мислам дека имаме ние претставник на Владата и можеме полноважно да работиме и да одлучуваме. Повелете г. пратеник.

**АЛИРИЗА ЛОГА:**

Најнапред, преку оваа говорница би сакал да изразам сочувство на сите оние што ги изгубиле своите најблиски, припадници на МВР и на Сабит Асани.

Можеби ќе се повторувам во некои сегменти, за што барам извинување однапред, но сепак дозволете ми да дадам мое согледување и да придонесам во надминувањето на овој трагичен настан, што се случи на 11.01.2000 година во с. Арачиново.

За жал, овој настан не е прв. Дај боже да е последен. Затоа што, не е многу далеку наназад сме сведоци на вакви трагични случаи, како што тоа беше во Битпазар, Тетово, Гостивар, Кичево и слично. Но, со една, барем за мене разлика, по мое мислење и убедување дека последниот случај не е од политичка природа, во споредба со другите, иако доста електронски медиуми и од оние пишаните веќе манипулираат и им даваат таква конотација.

Во Арачиново арач крвав меѓу чуварите на редот и мирот од една страна и граѓаните на населбата Арачиново, од другата страна. Исходот, епилогот од тој трагичен настан се тројца припадници на МВР млади, на свиреп начин убиени.

Мистериозната, засега барем, по мое мислење убиство на Сабит Асани стотина граѓани малтретирани, десетина куќи демолирани, понижени националните чувства и дигнитет, зголемување на меѓуетничката интолеранција, изгубената доверба меѓу чуварите на редот и мирот и граѓаните од другата страна, углед на Македонија како на внатрешен, така и на надворешен план. Се прашувам зошто? Веројатно и сите ние овде и оние што не следат преку телевизија, зошто овие настани, кому му требаат овие. Јас ќе се потрудам одговорот на ваквите нешта да си го најдам во причините кои придонеле до овој случај и на другите пред овој. И тоа, во професионализација на полициските структури, во меѓусебна поврзаност на одделни сегменти на власта со шверцот, во не ефикасноста, во брзото откривање на сторителите на кривичните дела, во постоењето, за жал, на разузнувачи елементи од старите структури, кои не можат да се помират со демократските процеси и стабилноста на Македонија, на кои им претходи, дури и понекогаш и методите на Макијавели.

Од сето ова, дури на некој начин легализација или ако сакате и институционализација на шверцот, корупцијата, митото и слично. Кога велам не професионализација на полициските структури, речиси целата структура на МВР е застарена. Со искуство на еден тоталитарен систем, со еден комунистички приод на нештата, со еден национал шовинистички набор и со изразита фобија, се разбира, со еден континуитет по инерција на анахрона методологија во стручноста.

Не е многу тешко да се зборува дека за целиот случај овој и претходните, барем нарочито овој дека виновен е власта или поточно речено ресорниот министер и други. Но, во дадениот случај, јас не би се согласил со таквото мислење, од проста причина што само после 10 дена од неговото промовирање и избор на новиот министер, се случи инцидентот. Секако, кој на некој начин индиректно ми личи на еден вид атентат на самата Влада и министерот. Дури, имам

дилеми да не е некоја монтажа од разузнувачи од типот на Параќинскиот случај од 1997 година. За потоа на јавноста да им се сврти внимание, се разбира на внатрешната и на надворешната, дека во Македонија нема стабилност, нема демократија, дека Албанците се дежурен дестабилизационен фактор за Македонија и слично.

Второ, големата меѓусебна поврзаност на одделни сегменти на власта со шверцот. Никој нема да ме убеди дека шверц и шверцери, се разбира со дрога, оружје, алкохол, проституција, а меѓувреме да не е во спрега со некој од хиерархијата на власта било од најниската категорија, па до највисоката. Има доста и чести примери и појави кога пред законот одговараат микро дилери, било да е тоа на дрога или на цигари, кои што препродават во минијатура, да речам по улиците едно пакетче цигари, случајот беше во Битпазар во 1992 година, од кој настана, а имаше дури и 4 жртви. Но, многу ретки или никако да се откријат, оние кои се со шлепери шверцуваат цигари, дрога и слично.

Значи, верувам дека сите ние овдека и сите други кои што не следат се сложуваме во тоа дека постојат меѓу нас криминал и тоа организиран, кој или се затајува, се затајуваше досега или воопшто ниту се открива. Октоподот спомнат честопати од екс премиерот, значи не е откорнат уште во неговото време, а се разбира дека тие корени уште делуваат и се меѓу нас. Шверцот е продукт на корумпирана власт, се разбира, за личен или групен интерес. Додека криминалецот тој нема никаква боја, ниту партиска, ниту верска, ниту национална, ниту државна. За него важи само девизата мани.

Трето, ненавремено откривање на сторителите на кривичните дела. Доколку криминалниот чин не се открива или се затајува, тогаш намерно или ненамерно се легализира дејствието, се симулира анархијата, па тогаш веќе нема закон, се разбира беззаконие, демократија, па ниту држава.

Јас би спомнал само некои случаи од мојот крај од Струга и од Струшко. Со години наназад неколку убиства се случувале, а до ден денес виновниците, сторителите не се откриени. И, тоа, во 1992 година на сред село во Радолишта убиен човек, виновникот никаде не е најден. Во 1993 година на 50 метри близу до милициска станица, на свиреп начин беше заклан човекот, до денеска тој случај не е осветлен. Во 1997 година во центарот на Струга, во строгиот центар убиена жена во својата куќа, не е откриен случајот. Исто така, во Струга во центарот е убиен човек, случајот не е расветлен и ред други такви случаеви.

Згора на ова, самиот атентат извршен на екс претседателот на Македонија г. Киро Глигоров, до денес не е осветлен. Тоа ми дава за право да заклучам за не ефикасноста на органите и на овој начин на криминогените структури им се дава поткрепа и храброст, тие слободно да делуваат и си шетаат слободно.

Затоа, виновниците во случајот на убиените полицајци да се откријат и пред судот на правдата да одговараат за стореното дело. Но, пред судот и законот да се однесат и сите оние кои во името на државата, во името на униформата и законот ги пречекориле своите компетенции, дефинирани со закон, оние кои го користеа моментот и на многу невини граѓани им нанесоа големи трауми, штети, кои спрема нив се однесувале, дури ја издувале сета своја бес на албанофобија, без да имаат никаква поддршка, ниту правна, ниту морална, ниту хумана поткрепа, како да се џандари на некои тоталитарни диктаторски режими, а не на една држава која, барем тежнее кон една правна држава, кон една демократија и да се придружи што поскоро кон Евроатланските структури.

Злонамерни се и немаат никаква основа кажувањата дека Албанците се дестабилизаторски фактор, криминоген народ од типот на шверцери и слично, како што не може да се повлече заеднички именител дека органите на МВР, па и правосудните органи, се против своите граѓани.

Но, дека и во едните и во другите има такви, како што има такви и кај другите народи, се разбира сегде ги има, за жал, па заради тоа постојат и органите на власта, која треба да води сметка за виновниците од било која  страна да се, без разлика од каква припадност се, дали партиска, национална или етничка, им се изречат соодветни законски мерки, во интерес на мирот, сигурноста, благосостојбата на сите граѓани на оваа држава. Друга алтернатива, барем за мене не постои.

На крај, да заклучам. Верувам дека власта, посебно тука посебно би го нагласил ресорното министерство, правосудните органи, а ние како пратеници, се разбира во тоа мораме да даваме наш придонес за што побрзо да се откријат тие сторители на вакви кривични дела, на вакви трагедии.

Верувам во тоа дека тие ќе го направат тоа и еднаш засекогаш да им се стави крај на ваквите настани. Потполно се согласувам овој Парламент да не расправа за вакви случаеви, но за жал, еве такви се случуваат. Дајте барем ние да даваме придонес, ова да биде последна, од ваков вид, трагедија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Алириза Лога за учество во расправата.

Има збор г-динот пратеник Лазар Китановски.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Почитувани колеги пратеници, не можам да кажам г-ѓо министерке, бидејќи ја нема, што е навистина скандалозно во оваа ситуација, кога целата македонска јавност ја очекуваше оваа седница, со сиот респект на заменикот, се разбира, кога се возбудија страстите во РМ, кога е наша улога да ги смириме тие страсти, но и да укажеме на правите виновници за ова што се случува во РМ. Таа ни прочита, ни импровизираше нешто што требаше да личи на некаков коментар на извештајот на Владата и си замина без да не сослуша нас пратениците, што мислам лека е крајно неодговорно и го руши угледот на институциите на РМ.

На почетокот во име на пратеничката група на СДСМ, сакам да изразам сочувство до семејствата Готак, Петрушевски, Ангеловски и семејството Асани, истовремено затоа што, без разлика дали е тој виновен или не, тоа треба да го утврди или требаше да го утврди судот во редовна судска постапка.

Сега би сакал во име на пратеничката група да укажам на значењето на овој настан, но и по нас на вистинските причини кои доведоа до тоа, некои наводно, заради проверка на возило на така брутален начин да убие тројца полицајци, што ќе признаете, здравата логика, да ја оставиме на страна политичката логика, правната логика, животната логика, покажува дека тука нешто не е во ред, дека имаме сериозен проблем во РМ.

Тројцата полицајци: Ерол Готак, Кирил Петрушевски и Ацо Ангеловски во моментот кога извршуваа службена должност, значи на своите работни места, беа разрешетани со автоматско оружје од страна на, засега барем за јавноста непознати сторители и други дејства за кои не сакам да зборувам, почитувајќи ги чувствата на нивните семејства.

Со еден збор, од начинот на кој е изведен, тоа е ганстерски напад. Но, дали е тоа така? Со оглед на околностите, местото и причините за ваквиот акт, тие елементи даваат сосема друга светлина на целиот настан. Во овој случај жртви не се само младите полицајци, туку и институцијата што ја претставуваат тие. Овој грозоморен акт, е атак на една државна институција, како што е полицијата т.е. криминал што опоменува, но истовремено сериозно кажува на можен вовед во беззаконие и хаос или по конкретно, тоа е потврда дека мафијата навистина ги раширила своите раце по Македонија, или на дел од македонската територија. Тоа понатаму треба да го покаже истрагата.

Затоа сега, повторно само по себе се наметнува прашањето дали веќе еднаш актуелната власт отворено пред јавноста, ќе ја признае грешката што ја направи, што ја направи со донесувањето на законот за амнестија, по што се создадоа реални услови, голем број на криминалци слободно решетаат и дејствуваат во РМ. Јас не верувам дека оваа Влада било кога ќе ја признае својата грешка, од едноставна причина што тоа го направи со умисла, затоа што штом го предложи законот, тоа е направено со некаков план, со умисла. Од проста причина што несигурна и неспособна уште на почетокот на своето владеење, побара и најде единствен сојузник во криминални структури и тоа како Македонските, така и меѓу Албанците.

Светските искуства покажуваат дека, криминалците без разлика на која националност припаѓаат, во суштина секогаш наоѓаат заеднички јазик, или тие попрво ќе најдат заеднички јазик отколку политичарите, а тоа е најопасната ситуација за секоја држава и тоа е најголемата опасност за РМ, ако криминалците ја диктираат политиката во РМ. Дека тоа е една генерална политика на оваа Влада, се покажа и на претседателските избори кои се одржаа при крајот на минатата година во РМ. Впрочем оваа криминализација се разви уште повеќе, а нема да погрешиме ако речеме дека доби ново забрзување и легитимитет, особено по Косовската криза. Имено, како што криминогените фактори по познатите немири во Албанија се преселија на Косово и затоа на Косово има толку сериозни проблеми да ја стабилизираат ситуацијата, така за време и по косовската криза истиот тек на настани и се случија на Македонија. Имено криминогените фактори од Косово се прелеаја во Македонија, со тоа што,

нормално си најдоа свој сојузник меѓу криминогената структура во РМ, или како што би рекол г-динот Дика, иако Македонец, јас се згрозувам од сите криминалци, било да се Македонци или Албанци, за разлика од него.

Проблемот е во тоа што оваа Влада, нити се обиде да се спротивстави на овие процеси, ниту пак беше способна тоа да го направи. Многу е индикативна партиската поделба на државната власт, но и на кралот на Македонија до Групчин и отаде Групчин. Затоа не треба да ве изненади храброста и дрскоста на аферите на настаните, како во Арачиново така и во Осломеј. Од тие причини не можеме да избегнеме од впечатокот дека, политиката има голема улога во овие два настани.

СДСМ во повеќе наврати од оваа говорница укажуваше на можните последици од партизацијата на државните институции и исто така територијалната партизација, за што актуелната власт немаше или не сакаше да има слух, затоа што тоа беше дел од договорот меѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДПА или ПДП - НДП. Но, овие наши укажувања, СДСМ од страна на коалиционите партнери на власт, беше критикуван дека за политиката која ја спроведува, има широка поддршка од западните земји, со нагласка дека, наводно води про западна политика, дека конечно во Македонија победува демократијата.

Меѓутоа, останува дилемата на која оваа Влада никогаш не даде одговор, за тоа која е таа западна Влада што поддржува криминал, тероризам, или политичко поврзување меѓу криминалот и власта. За разлика од ваквите тврдења на актуелната власт, еве на пример какви се оценките на запад за начинот на кој се владее во РМ. Индикативна е изјавата ма г-динот Томас Пикеринг, потсекретар за политички прашања во Стејт Департментот, кој пред недела дена престојуваше во кратка посета на РМ, при што на средбата со актуелниот премиер ја изразил загриженоста на САД од фактот дека, "криминални елементи во регионот ја преземаат контролата од локалните влади, се мисли на државите кои припаѓаат на овој регион, како што во светот воопшто така и тука кај нас претставуваат закана за стабилноста, просперитетот и демократскиот развој".

За тоа дека состојбите во Републиката одат само по надолна линија и дека Владата ја подели земјата, веќе се зборува и во странство кај странските аналитичари. За пример ќе прочитам извадок од видувањето на дописникот на СИ-ЕН-ЕН Џон Кристен Сен, за состојбите во Македонија по случувањата во Арачиново, а морате да признаете дека СИ-ЕН-ЕН е добро информирана агенција. Цитирам: "Македонија ја води безначајна коалиција на Македонци и етнички Албанци. Во замена за гласовите од етничките Албанци, партијата ВМРО-ДПМНЕ , во која доминираат Македонците, им даде на Албанците позиции во Владата и одобри, дефакто, поделба на земјата. Западна Македонија е населена и контролирана воглавно од етничките Албанци. Македонците не се согласуваат со поделбата и се против губење на Западна Македонија". Или, видувањата на Вилијам Дам, професор за јавно мислење, менаџмент од Питсбург и чест гостин во РМ. Цитирам: "На Владата предводена од 43 годишниот Борис Трајковски и недостига зрелост и угледот на нејзиниот претходник. Мислам дека оваа Влада е помалку способна да ги реши проблемите, отколку онаа предводена од претседателот Киро Глигоров, кој имаше искуство и морален авторитет".

Ако се земе предвид дека настанот се случи во место кое, според по упатените, иако се уште, се разбира, низ процедура се уште тоа треба да се докаже, важи за рај за недозволено производство и трговија со дрога и оружје, по завршувањето на косовската војна. Ова е извештајот на СИ-ЕН-ЕН за Арачиново.

Сакам да кажам дека не можеме ние сите граѓани на Арачиново да ги обвинуваме за организиран криминал. Но, очигледни се информациите и впечатокот дека по Косовската криза, дел од криминалните структури се прелеани кон Арачиново, и се разбира и други места. Тогаш загрижува фактот, за крајно неодговорното однесување на најодговорните во ова Министерство, при планирањето и спроведувањето на, според нив рутински контроли, но според фактичките состојби, високо ризични точки на теренот.

Сето она пак што се случуваше по крвавиот настан во Арачиново, слободно може да се нарече тотален дилетантизам, се разбира мислам на луѓето што командуваат со акцијата, кои според веќе виденото, освен што се војници на партијата на власт, немаат ништо заедничко со професионализмот, кој пак, според сите европски и светски искуства, во овој сегмент на власта се става на преден план.

Од тие причини не е ни чудно како голем број на прашања и денес, по Информацијата на министерот за внатрешни работи, остануваат неразјаснети. Да напоменам само неколку:

Без оглед на тоа што верувам дека полицајците биле искусни во својата работа, како првиот полицаец на државата ќе го оправда испраќањето на задача, на четворица млади луѓе со телефонски повик. Тоа се изјави на нивните домашни, на родителите, со телефонски повик биле повикани да одат во Арачиново да извршат контрола, кои на местото на настанот тргнал секој од пред својата куќа, без претходно определена средба, однапред подготвен план на задачи или претходна логистичка поддршка, кога однапред се знае дека се работи за ризична точка, или требало да се знае дека се работи за ризична точка, бидејќи полицијата, верувам дека, има информации каде поминуваат определени канали. Ако не знаат, тогаш нека си поднесат оставки, па нека дојдат прави професионалци во Министерството. Или, како првиот полицаец во државата ќе ја оправда состојбата дека, се приведени повеќе сомнителни, прво пет, па осум, па 11, за кои најпрво бевме информирани дека, по извршените информативни разговори, од кои луѓето имаа и тешки телесни повреди, беа пуштени дома со извинување дека се по грешка приведени, за потоа да бидеме информирани дека неколкумина веќе го признале своето учество во злосторството, дури им е определен и притвор во траење од 30 дена, но сега не може да се пронајде оружјето со кое е извршен злосторот, па, фактички, нема материјални докази. Ќе се вратам на крајот на Информацијата, па ќе видите зошто Информацијата за СДСМ не е прифатлива.

Исто, како кога беше фатен трактор полн со оружје, но трактористот мистериозно исчезна. Или во ваква ситуација, како сега првиот полицаец на државата ќе се оправда дека издава наредба за ангажирање на специјалните сили, кога се знае дека последиците од интервенцијата на таа единица во најчести случаи е тешка и таа единица може да се употреби само во селективни и крајно сериозни и исклучителни ситуации, кога точно се знае, или има сознание дека некој од извршителите се крие во одредено место, или е вооружен, и тоа место кое од страна на полицијата е претходно лоцирано и дека пристапот на тоа место е ризичен.

Затоа, после ваквите настани не треба да зачудува дека функционери на Министерството, по акцијата ќе посетат неколку демолирани куќи во Арачиново, на кои ќе им се извинат за штети направени по грешка и ќе им се вети дека штетата што ја направиле специјалците, ќе им биде надоместена од страна на МВР. Се прашувам по чија грешка се демолирани тие куќи, дали некој е земен на одговорност по направената грешка, од каде МВР ќе ги обезбеди тие пари и на крај, зошто МВР да плаќа штети кои се направени, пред се поради самоволието и не одговорното, не професионалното однесување на поединци во тоа Министерство.

Да ја погледнеме и другата страна на медалот, со што верувам дека ќе се одбегнат горе наведените ситуации, од аспект на активностите на МВР, ефектите, верувам ќе беа поголеми во овој случај. Имено, останува голема енигма, кога веќе е ангажирана, тогаш зошто специјалната единица е активирана со големо задоцнување. Според мене ваквото задоцнување на интервенцијата, создава реални можности за уништување на доказниот материјал и создава временски услови вистинските виновници, без поголеми потешкотии да стана недостапни на органите на прогонот. Според тоа, со право лебди во воздухот дилемата дали е тоа сторено намерно или не.

Г-да пратеници, нека ми биде дозволено да продолжам со поставување на прашања, за кои сметам дека, како народни претставници немавме добиено одговори:

Како првиот полицаец на државата ќе ја оправда состојбата дека, по акцијата во Маврово се приведени тројца осомничени, од кои во прв момент беше решено дека едниот на пат починал, бидејќи пружал отпор, а другите двајца исто завршија во болница, па сега се вели дека тројцата пружале отпор.

Или, како првиот полицаец на државата ќе ја објасни ситуацијата во која, еден или повеќе сторители со проектил од рачен фрлач ја застрелуваат полициската станица во Кичево, но до ден денес за сторителот или сторителите се уште не се знае ништо.

Или на крај како првиот полицаец на државата ќе го оправда информативното тероризирање, во врска со овие настани, со што според мене, само се создадоа услови за разни шпекулации, од кои можеше да имаат по далекусежни последици.

Г-да пратеници, во суштина, со желба за сочувување на власта по секоја цена, актуелната власт по многу краток период се доведе во ситуација на заложник, а со тоа и соучесник на повеќе криминални дејанија во државата. Впрочем слушавме и од претставници на водечките партии дека, криминалот во државата е сериозен и дека има врска со актуелната власт. Тоа самите го

кажаа. Се доведе во ситуација, реков на заложник и со тоа и соучесник на повеќе криминални дејанија во државата. Практицирањето на бескруполозната поделба на моќ и влијание меѓу партиските елити на ВМРО-ДПМНЕ и ДПА, во сферата на бизнисот и уште, што е уште пострашно во сферата на криминалот, со што фактички се практикува територијалната поделба на ингеренциите на овие два партнери. Резултатот пак од ваквото практицирање на власта, е растечкиот криминал, загрозување не само на јавниот ред и мир, туку и на државните институции и непочитување на законите, подеднакво на целата територија на државата. Зарем треба да ги спомнеме обидите за незаконска елиминација на партиски неподобните директори или јавниот рекет на граничните премини за Косово, или пак случувањата за време на претседателските избори во РМ, одржани кон крајот на минатата година, со што може да се каже дека овие и ваквите настани, неминовно доведоа до крајно поразителни сознанија, кои не се ништо друго, туку класичен вовед во беззаконие и хаос.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:** (Продолжение)

Оваа генерална оценка можеби не важи за целата територија на државата, но за посебни населени места за што како Парламентарна група во повеќе наврати јавно предупредувавме, дека не функционира оваа власт и ова треба најсериозно да се сфати.

Господа пратеници, на крајот би сакал да укажам на еден многу значаен аспект кој произлегува од еден слет на настани кој ни се случува во Република Македонија и кој претставува сериозна закана за нејзиното уставно уредување и нејзиниот територијален интегритет. Тоа е прашањето на поврзаноста на еден слет на настани кои ни се случуваат, а кои ако повнимателно се реализираат, создаваат една целина која неминовно води кон заклучокот од опасноста за косовизација на Македонија. Главната цел на протагонистите на оваа стратегија е дека Македонците и Албанците не можат да живеат заедно. Дека единствено решение за Македонија е автосегрегација помеѓу Македонскиот и Албанскиот етникум. Само да потсетам дека, во изминатите години имаше низа настани кои одеа во овој правец. Ни се случи наводно труење на ученици во Тетово. Иако после меѓународна експертиза, значи не од наши стручњаци, меѓународна експертиза, се покажа дека тоа не е точно. Остана црна дамка во меѓусебните односи и никој за тоа не се извини. Ни се случи паравојска, или обид за паравојска во Република Македонија, ни се случија бомбашки напади врз полициски станици и судски објекти. Процесот се уште трае, иако сегашната власт можеше да продолжи со истрагата и ќе дојдеше до многу интересни податоци и сознанија кој се учествувал во подготовката на тие групи. Ни се случи Арачиново, ни се случи ракетен напад врз полициската станица во Осломеј, сега ни се случи и Куманово пред неколку дена, ни се случија закани со оружје како и физички напади и малтретирање на пратеници и активисти на СДСМ за време на изборите и тоа напади со загрозување на животот. Ни се случува симпатизери на ДПА прво да провоцираат, а потоа и да предизвикаат физичка пресметка со претставници на елитната единица на Армијата на Република Македонија, односно волците во зимскиот центар Попова Шапка. Цела среќа во тоа, бидејќи ја познавам таа единица што таа е добро истренирана да не реагира на провокации. Инаку навистина можеше да се случи уште еден трагичен настан. Ни се случува ОВК слободно да шета низ Македонија и веројатно веќе се формирани штабови на ОВК во Република Македонија.

Јас поставив неколку пати пратеничко прашање, потсетував еднаш, двапати, трипати и наместо да ми одговори тогашниот министер Трајанов, ми одговараше сегашниот министер, дека ќе имам информација на некоја од наредните седници.

Цвета шверцот на оружје, шверцот со експлозив, кој го открија самите припадници на полицијата, претпоставувам свои колеги во Министерството за одбрана и во МВР со изјави дека тука се работи за организиран криминал. Одеднаш целата работа се стиши. Украдени се легитимации при изборите, избирачки легитимации, се знае кој имал пристап, уште нема резултат од таа кражба. Дали сето ова не е причина за голема загриженост во каква држава живееме, без разлика дали сме Македонци, Албанци, или пак припадници на другите националности. Сигурно дека има виновници за сите овие настани, но треба да има и одговорни за оваа надолна линија во Република Македонија или надолен правец во кој се движи Република Македонија. Сигурно се виновници оние што се сторители на ваквите дела. Но, за прогледувањето низ прсти одговорна е власта. Со други зборови треба да се

прашаме каде оди Македонија? СДСМ очекуваше од министерката за внатрешни работи уште на денешната седница да поднесе оставка, бидејќи многу настани се случија, а очигледно таа како министер не одговори на своите задачи.

Што се однесува до самата информација за СДСМ, таа е неприфатлива. бидејќи е конфузна, не го осветлува настанот. Еве само да Ви помогнам да Ви стане јасно за што станува збор. Само две работи ќе илустрирам. На пример: се вели дека во нападот на полицајците лицата употребиле три автоматски пушки и еден автоматски пиштол. Пиштолот е употребен подоцна откога се употребени автоматските пушки. Тоа го знаат сите во Република Македонија. И се вели дека се приведени лица, граѓани на Република Македонија, кои го признале убиството. Меѓутоа, што е интересно? Вели вака: во разговорите што се вршени со нив, тие признаа дека се сторители на убиството и ги посочија местата каде што по извршувањето на делото го сокриле оружјето и возилата. Внимавајте, од оружјето пронајдени се четири пиштоли, 22 куршуми, 54 грама кокаин и некои фалсификувани исправи. Ги нема автоматските пушки. Што правела полицијата овие денови не ми е јасно. Ако тие се навистина сторителите, тогаш треба да се обезбедат доказите. Затоа се сомневам дека ова е една голема политичка ујдурма на актуелната власт. Или пак, приведување на починатиот Асани, не навлегувам дали е тој криминалец, или не е криминалец, тоа ќе го утврди судот, не е наше тоа да го тврдиме. Вели вака: по лишување од слобода на лицата, извршен е претрес на викендичката. Во блиската околина и во возилото на лицата при што се пронајдени една пушка, пиштол, дрога и т.н. Значи, по лишувањето од слобода. Ве молам, колку тие да имале снага, колку да имале сила, не верувам дека ќе успееле нешто да и направат на полицијата, бидејќи се тие доволно обучени. Јас не ги обвинувам полицајците, туку тој што дал таква наредба, бидејќи произлегува дека тие биле без оружје, така произлегува од извештајот на Владата. Значи со гола физичка сила веројатно ако требало 10, 15, 20, ги совладале многу лесно и потоа настанува тој трагичен настан, господин Дика, иако сум Македонец. Тука има и многу други елементи, меѓутоа сигурно и другите ќе се вклучат во понатамошната расправа.

Да заклучам Социјалдемократскиот сојуз на Македонија, Информацијата не ја прифаќа заради елементите кои ги наведов и сметаме дека министерката за внатрешни работи треба да си поднесе оставка, бидејќи очигледно не се снајде во улогата која и е дадена, освен ако има некои партиски задачи, меѓутоа тоа не е наше, ние не можеме да навлегуваме во нејзините партиски задачи. И под итно треба во министерствата, пред се кои се столбови на секоја држава, да завладее професионализмот.

И на крајот само една лична напомена дека, чудно многу остатоци има од стариот систем во оваа земја. Тоа е неверојатно, како ние станавме држава. Се некои КОС-овци, се се вакви, се се такви. Знаете што? Произлегува дека ова е некоја, завера на КОС. Како испаѓаат се Албанци во неколку случаи да се службеници на КОС. Размислете добро. Немојте такви плитки заклучоци да извлекувате. И тука ДПА ги брани, Албанците се онеправдани, а од друга страна каде што имало такви случаи каде што наводно КОС е замешан, учесници се Албанци. Затоа таа теза е многу плитка.

Ве молам, премногу е сериозна состојбата. И мислам дека пред се оваа власт треба да се свести каде е води Македонија. Ние како опозиција можеме само да укажуваме. Ретко не слушаат. Меѓутоа, ова е краен момент навистина да извлече некакви поуки.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Лазар Китановски за неговото учество во расправата.

Господинот пратеник Замир Дика побара реплика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, се надевам дека нема да се одолжи со репликите, затоа што и во еден дел од текстот напоменав да не ми реплицирате во овој дел од текстот, за тие факти и тези што ги изнесов во тој текст, затоа што сигурно дека еден дел од етникумот во Република Македонија ќе се чувствува омаловажен, од самите тие луѓе кои ја креираат таквата меѓунационална политика.

Значи, несомнено е дека во вакви случаи опозицијата ќе се обиде, иако случајот е тежок, да си добие маркетиншки поени, политички поени што за мене според тежината на случајот тоа е не сфатливо. Но, сепак тоа денес е веќе морална категорија. Сметам, да се

извлече еден многу краток збор од едно излагање од шест страници и со тоа да се гради аргумент, мислам дека тоа не е во ред. Значи, ако сакавте да ми реплицирате, не да ми реплицирате само на една реченица од текст кој што содржи шест страници, туку да ми реплицирате за суштината на тој текст, а во таа суштина имаше многу сигнали за екс владеачката структура.

Значи суштината на текстот беше дека едно нешто е реално, дека има многу траги што се однесува по меѓунационалната политика, што се однесува на траги од октоподот. Тие траги не можат да се избришат само со еден потез и само со година ипол на владеење, да се избришат тие големи и длабоки корени. Тоа беше суштината. Вие сте оставиле многу длабоки корени во тоа и тие корени ги чувствуваме и затоа секој тежок случај добива конотација на етничка припадност. Јас сакам тие корени, мислам дека сите се согласуваат во Република Македонија, без разлика дали се од позицијата, или од опозицијата, затоа што тие се многу штетни за напорите на Република Македонија да се демократизира и да се приближи кон Европската Унија, кој Евро атлантските интеграции. Исто така, се цитирани на пример ставови од една телевизиска станица, или од еден излагач, или еден дел од еден весник и сега со тие две, три излагања, се гради аргумент. И сега тој аргумент ќе се напумпа и сега од тие две, три изјави значи дека во Македонија цути ова, цути она.

Јас сметам дека не треба да ги маскираме работите. Ако сакаме да реплицираме и коректно да водиме една квалитативна расправа, било позиција, било опозиција, или како граѓани на Република Македонија, да навлегуваме во суштината и тука сум спремен да разговараме со аргументи со детали. А вака, само да извлечете еден збор од шест страници цитат и да реплицираме, да градиме случај по тоа, јас нема да го прифатам тоа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Замир Дика.

Продолжуваме со расправата.

За збор се јави потпретседателот на Собранието на Република Македонија, Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Во овој момент не се јавив за збор за да вршам анализа на извештајот, или говорите на колегите кои се јавија пред мене. Главно моето јавување ќе биде во вид на прашања. И оние што ја поднесоа иницијативата да се бара извештај на Владата, за настанот во атарот на селото Арачиново и оние кои се јавија да говорат дали некој извршил, или не извршил свои обврски и со тоа гледаат со својата политичка положба, да можат да упатат некои забелешки во работата на тие органи.

Прво ќе тргнам од мојата пракса како адвокат. Оние криминалци кои јас ги бранев, а не случајните извршители на кривични дела, од мене бараа да го политизирам настанот во кој тие како криминалци учествувале. Па поради ова сега го поставувам првото прашање, дали и овие што дискутираат и предлагачите имаат за цел да се откријат извршителите на гнасните убиства на припадниците на полицијата. Тоа е прво, или водејќи политичка расправа сакаат да ги прикријат извршителите на овој чин, на овој злостор. А бидејќи тргнав од основната поставка дека, криминалците бараа од мене да го направам нивниот случај како политички случај, тогаш господа, дали Вие кои се јавивте овде сакате да го земете тој слоган за ваша работа на денешното Собрание.

Второ, знаете дека со истрагата раководи истражниот судија, знаете дека сите одговорности кои ги утврдува и за начинот како се извршува кривичното дело, начинот како обвинетите ќе се бранат, тоа го утврдува судот. Собранието има право да врши политички надзор на Владата. Меѓутоа, дали тоа му е дадено да го чини и спрема работата на судот. Одговарам, не. И сега некои од дискутантите овде се јавија и ни претставуваат некоја фактологија, кој што работел, што чинел, како тоа го направил. Дозвола за јавно истапување каде има конкретно дејствие на судот се добива од истражниот судија. И човек кој ќе треба да биде сведок за нешто, не може да води политика, затоа што ќе дојде во судир со своите права и во основа со својата обврска. Дали сега еден злочин кој се случи некои од политичките и лидери и групации, било како, ќе гледаат да најдат недостаток во текот на постапката, а државата да ја стават на страна од интересот борба против криминалот. За друга дискусија по однос на колеги кои ќе се јават, или по однос на извештајот, задржувам право да одлучам дали подоцна

ќе се јавам или не.

Тоа се моите забелешки, односно прашања кои сакав да ги поставам и да ги ценат колегите во нивните дискусии и да се определат, да ги бараат криминалците, или да ги штитат истите од одговорност.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави господинот пратеник Аслан Селмани.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани членови на Влада.

Навистина денеска расправаме за еден мошне драматичен проблем, би рекол уште на почетокот, затоа што кога се работи за животите на младите луѓе, тоа претставува еден вовед во една трагедија, која може да има во иднина тешки последици.

И веднаш да кажам дека Извештајот од страна на МВР имаше еден хронологистички пристап со одредени критериуми од посибилизам, но и со одредени искокнувања, преминувања и имаше исто така карактеристики на револуционизам во целиот тој процес на истражување. Се разбира дека и тие веројатно имаат проблеми во процесот на истражување, меѓутоа ние како пратеници ќе мораме еднаш за секогаш да го кажеме нашиот збор, нашите согледувања, нашите размислувања и дека оваа држава еднаш за секогаш да се тргне од принципите на слабоумните и да создадеме нов атлас на умни луѓе.

Не случајно во една прилика реков дека, после 12 часот со првата секунда влегуваме во третиот милениум. Ја знам математиката, знам кога треба и кога ние ќе влеземе во третиот милениум, но тоа беше фигуративно кажано и затоа сега велам повторно дека сметав тогаш, а и сега сметам дека ние како држава, како луѓе, како цивилизација, треба да ги оставиме сите тие оптеретувања и да размислуваме за иднината на оваа земја.

Кога зборуваме за криминогени дејства во нашата држава, луѓе ги има. Апсолутно, со тој факт ние треба да се сложиме. Ги има секаде, не само во Арачиново. Јас би рекол дека тука ги има и најмалку во однос на државниот криминал. Каде е дрогата од 25, 26 килограми што беше пронајдена, украдена од страна на поединци, не знам кој се тие луѓе, кои ги украдоа од страна на припадници на МВР. Од каде камионот со експлозив? За кои намени, за кои потреби? За такви работи Парламентот, државата, односно Владата треба да знае. И тоа испадна многу просто, дека одредениот човек со шеширот, не му го знам името, го открил тој криминалитет, а тоа било препорака од страна на државата за одредени процеси и така натаму.

Жалам за загинатите, односно убиените луѓе во најмлади години. Тие веќе се во вечниот свет и сите ние ќе одиме таму, но за жал тој криминоген процес навистина треба да го доживуваме како една длабока болка за сите нормални луѓе, а посебно би рекол за Сабри Асани, кој во непознати околности во колата на полицијата починал и пред својата сопруга и деца било испружено мртвото негово тело.

Јас не сум толкувач на Уставот, ниту би сакал да бидам толкувач и не знам каде сум прочитал дека најголемите кривци за една држава, за сите состојби во една држава се правниците. Тие во секој случај се во состојба, не зборувам за одредени колеги почитувани, туку воопшто како теорија, дека секоја држава која има многу правници со различити размислувања, толкувања и т.н., таа држава нема среќа. Барам јавно правниците да седнат и навистина да ги толкуваат законите и членовите на уставите како што треба.

Ќе цитирам само неколку членови од нашиот Устав, што гарантираат слобода, живот, спокојство.

Член 10 алинеја 1 "живото на човекот е неприкосновен".

Член 11 втора алинеја "се забранува секој облик на мачење, нечовечно или понижувачко однесување или казнување".

За тоа зборува и членот 12 од нашиот Устав "лицето лишено од слобода мора веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа од моментот на лишувањето од слобода, да биде изведено пред суд, кој без одлагање ќе одлучи за законитоста на лишувањето од слобода".

Член 14 "никој не може да биде казнет за дело кое пред да биде сторено не било утврдено со закон или со друг пропис како казниво дело и за кое не била предвидена казна".

Потоа, зборува членот 25, 26 и т.н.

До кога ние со нашите титмоси, со нашите "способности" ќе се бориме навистина за сузбивање на општиот

криминал, индивидуалниот и државниот криминал во нашата земја. Јас не сум откривач на првата ограда и сета таа работа да ја префрлам дека незгодите на човекот почнуваат од првиот човек. Од тогаш почнуваат и сите неправди.

Затоа и ваквите неправди кога денеска расправаме за одредени состојби кои се навистина трагични за нашите луѓе, без разлика на вера, нација, раса и друго, треба да го прибираме, односно да ја нацртаме картата на умот и со тоа понатаму да се однесуваме како сериозна земја и сериозна држава. Често пати во себеси се прашувам дали со нашите односи, со нашиот однос кон човекот, нашиот, сопствениот, индивидуалниот или колективниот, или цивилизацискиот македонски однос, кон себеси е во ред. Ние често пати во овој Парламент, па сега и јас јавно ќе кажам дека меѓу себе се критикуваме дека, има про србска македонска популација, про бугарска, про албанска„ и т.н. Ние мора да сфатиме ако ја сакаме иднината на оваа земја да се бориме за про Македонската држава, во која учествуваат и Албанците, со својата традиција и т.н. Тие титмоси ние мораме да ги заштитиме, мораме да ги почитуваме како етнички процеси, дела, со цел од нашата душа да излезе светлината на новите погледи кон нашата иднина.

Имајќи ги во предвид сите овие укажувања, навистина често пати ми оди на ум да го прифатам и размислувањето на Ниче. Цитирам: "државата е име за најстуденото од сите студени чудовишта. Таа исто така и студено лаже и таа лага и ползи од устата. Државата кажува лаги на сите јазици за добро и зло, а што и да зборува лаже и се што има украдено е од народот". И јас сум бил во власта, и сите ние сме во власта, дајте сите овие работи заеднички да ги оттргнеме од нашите глави и да тргнеме онака како што треба. И само на еден сегмент ќе се осврнам, затоа што не би сакал да ги коментирам претходните дискусии, кои навистина особено на пратеникот од таа подрачна единица господинот Исмет Рамадани, кој мошне на пластичен начин укажа за таа хорологија, не велам хронологија, туку хорологија за настанатите во влезот на с. Арачиново. Друго е во село, друго е надвор, односно во влезот на с. Арачиново.

На тој локален пат низ историјата на нашиот развој имало различити збиднувања. Тој локален денешен пат во минатото бил оска на развојот на цивилизациите. Cinginum naisus Skupi – Vila Zora – Stobi – Tesaloniki и т.н. Такви збиднувања ќе ги има веројатно во сите други локални и главни оски на нашиот развој, меѓутоа, државата треба да биде силна, свесна, организирана, трагичните настани од овој тип веќе да не се повторуваат.

Јасни ми се основните карактеристики на одредени дискусии и не би сакал да отворам полемика, но би рекол дека е безначајно да цитирам едно латинско размислување kastis omnija kastasum, што треба ние и како треба ние денес да ги согледуваме последиците кои се настанати во Арачиново и пошироко од Арачиново.

Според канунот на Лег Дугаџини традиционално сега зборувам знаете колку тешко може човекот, Албанецот да го заборави тоа дека вратата, жената, детето, било гурнато во кал, претепана во дворот, или стариот, таткото на децата пред жената и децата бил претепан до таа мера што, навистина лежел и се уште лежат во нивните кревети. Тие деца што денеска имаат 10, 15 и повеќе години таа работа не можат лесно да ја заборават. Од психолошка, па и од социолошка гледна точка сметам дека, државата не смее веќе ваквите работи да ги повторува. Сите пречекорувања државата мора да ги казни без оглед на лица кои водат со тие ресори и т.н.

Јас навистина, да завршам, навистина ќе мораме сите со заеднички сили да се бориме против ваквите состојби, против малтретирањата, затоа што според тоа што досега имам искуство, изгледа оваа држава има потреба на 6 месеци или една година да ни удри по една ваква инекција, веројатно за други политички цели.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот пратеник Аслан Селмани за учеството во расправата.

За збор се јави господинот пратеник Кастриот Хаџиреџа.

**КАСТРИОТ ХАЏИРЕЏА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, се извинувам ако некои од моите искази веќе се искажани од некои пратеници, па можеби не ќе биде премногу да се повтори.

Требаше да помине скоро месец дена од трагичните настани во Арачиново, па ова Собрание да се одлучи на една од седниците да се дебатира и за тие настани.

Од друга страна, Владата на РМ достави една писмена информација околу тие настани, која не само што не е комплетна, затоа што информацијата гласи "Информација во врска со убиството на тројцата припадници на МВР во с. Арачиново", а се знае многу добро од двете пратенички групи ПДП и ДПА е барано истовремено и писмена информација за настаните што се случија во с. Арачиново, при претресот извршен од страна на специјалните единици на МВР.

Затоа со право е и оценката дека во оваа информација на своевиден начин е минимизирано сето тоа што се случи во Арачиново, а во многу што тоа е и контрадикторно.

Иако сите власти, политички и не политички субјекти и гласила беа меѓу првите кои го осудија гласниот чин, убиството на тројцата млади полицајци и бараа од надлежните органи што побрзо откривање и осудување на сторителите, набрзо токму тие сфатија дека, малку што или ништо не е променето во политичкото поднебје во Македонија, кога се во прашање Албанците.

Постои едно барање од Владата и од Министерството за внатрешни работи пратено од ова Собрание и до политичките субјекти во РМ, за не политизирање на овој настан, но по се изгледа дека ова барање е погрешно поставено во време и до субјектот. Таквото барање требаше да се упати до МВР и до Владата на РМ и тоа веднаш по убиството на тројцата припадници на МВР. Тој акт уште од почетокот да се третираше како криминално дејство на криминално настроени лица, а не априори да се претпоставува и насочува дека сторителите се Албанци и затоа во име на некаква си истрага да се изврши терор врз албанското население на цело едно село. Така да денеска наместо за овој настан да се зборуваше криминално дело, беше способноста или не способноста на МВР овој настан да се претвори во политичка афера.

Ако во моментов ги земеме настаните по хронолошки ред, се знае дека веднаш по убиството на полицајците беше преземено прво обиколување, па потоа и такво претресување на селото Арачиново, кое може да се гледа само во случај на некоја воена состојба, при што на нај немилосрден начин беа малтретирани и тепани голем број жители. Над нив е употребена таква физичка сила, која барем Хелсиншкиот комитет е забранета и не само со меѓународните, туку и со домашните норми. При тоа се земени над 200 луѓе на сослушување и на специјален начин третирани. Образложението дека сето тоа беше во интерес на истрагата за добивање што повеќе информации и за откривање на можните очевидци, па и можните сторители на тоа дело како да не држи. Зарем требаше таквото однесување на полицајците за собирање на докази, кога главниот сведок преживеаниот полициски инспектор можеше да даде реална реконструкција на настанот, со која и ќе се насочеше истрагата во права насока.

Но, изгледа убиството на тројцата полицајци послужи на некого како повод за реализирање на некои сценарија. Така и во извештајот на Владата меѓу другото се кажува, "во нападот на полицајците лицата употребиле три автоматски пушки и еден автоматски пиштол, а понатаму работејќи во рамките на акцијата по преземените бројни оперативни мерки и активности, како можни сторители и непосредни вклучени во извршувањето на убиството се издвоени пет лица. Во разговорите извршени со нив тие признале дека се сторители на делото и ги посочиле местата каде по извршувањето на делото го сокриле оружјето и возилата". После тоа е преземен претресот на с. Арачиново, при што се пронајдени и одземени четири пиштоли и 22 куршуми, а го немало никаде употребеното оружје и возилото.

Ако навистина биле откриени сторителите на делото и се знаеше местото каде го сокриле оружјето, на кого му требаше да го иницира случајот Арачиново. Или пак осомничените се навистина сторители на делото, зарем толку брзо заборавија каде го сокриле употребеното оружје и возилата. Дали тие воопшто се сторители или е посреди нешто друго.

Второ прашање, за кое немаме убедлив одговор ни во владиниот извештај е смртта или убиството на Сабри Асани на патот од Маврово до Скопје. Првиот извештај гласеше дека до смртта на Асани е дојдено како последица на предозирањето со опојни дроги, а потоа дека не било предозирањето, туку срчевата инсуфициенција. Сите овие дијагнози беа без никаков извештај од страна на Заводот за судска медицина.

Не сфатливо е зошто треба да се чека толку долго на обдукцискиот наод од страна на тој Завод, или можеби се бара

тој извештај повторно да се согласува со извештајот пуштен уште од првиот ден од страна на МВР. Смртта на Асани можеби и како причина на срчевата инсуфициенција, која е состојба што може да доведе до смрт, но мора да се одговори и на тоа која е причината што доведе до срчевата инсуфициенција кај Асани. Фактичката состојба на покојниот, како и исказите на неговите роднини, кои укажуваат на постоење на рана во пределот на главата, се доволен доказ за тоа дека до срчевата инсуфициенција сигурно не е дојдено од доброто однесување на полицајците.

Затоа, неопходно е од страна на МВР да се покрене истражна постапка за околностите под кои е починато лицето Сабри Асани.

Овде не е за заборавање и фактот дека за овој настан постојат двајца сведоци, кои по нивното лишување од слобода, како осомничени за делото во Арачиново, извесно време беа држени во Воената болница во Скопје, а сигурно не за извршување на извршна постапка.

После сето тоа што се случи во Арачиново, после смртта или убиството на Асани, со право се поставуваат прашањата дали однесувањата на припадниците на МВР е диктирано од челниците на МВР, или тоа е направено без нивно знаење. Ако насилничкото и варварското однесување на полицајците, при што не го земале предвид тоа дали се работи за деца, жени или старци, не било наредено од првите луѓе на МВР, дали се преземени конкретни мерки за откривање на сторителите и наредбодавателите за таквото однесување на припадниците на МВР.

**КАСТРИОТ ХАЏИРЕЏА:** (Продолжение)

Криминалитетот се осудува било каде во светот, затоа се даваат големи средства и напори за негово откривање и сузбивање. Но исто така, нај осудуван од сите е државниот криминалитет, превземен под покровителство на униформираните луѓе.

Господа, во која друга држава во светот има полицијата да лиши од слобода, полицијата да истражува, полицијата да осудува и на крај таа да егзекутира. Дали имаме намера, да имаме правна, или политичка држава. После сето тоа што се случи во Арачиново, како можат да се убедуваат Албанците, дека такво нешто нема да се повтори во друго село, во друг град, каде што живеат тие. Во што е разликата на односот на МВР према Албанците, од времето кога на чело на МВР беа Фрчковски или Чокревски. Многу дилеми има, кои што се поставуваат меѓу Албанците. Но едно е сигурно.

Ако е општа оценката дека Албанците дале свој придонес за стабилноста во Македонија, иако тие се третираат како фактор за стабилизација на Македонија, тогаш задача е на Владата на Македонија, а особено на МВР, да ги разоткрие правите сторители на сето ова што се случи во и околу Арачиново, а не да прејудицира и да постапува, како што е постапено досега. Ако не можеше да го најдеш вистинскиот виновник, тогаш барај го меѓу албанскиот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Кастриот Хаџиреџа.

За збор се јави г-динот пратеник Михајло Георѓиевски.

**МИХАЈЛО ГЕОРЃИЕВСКИ:**

Почитувани дами и господа пратеници, чувствувам длабока тага и очајност, ги следам настаните и дискусиите во врска со арачинските настани. Тоа се настани што ја потресоа целата македонска јавност и пошироко. За да биде тагата уште поголема, ги посетив семејствата, чии синови паднаа како невини жртви на криволочните и кукавички убијци, за да им изразам сочувство. Што можев на тие доживотно унесреќени родители да им кажам, освен да им ветам, дека ќе направам се, во својата моќ и моќта на пратениците, а тоа е да го осудиме ова злосторство и дека преку говорницата на Парламентот, ќе ја изразам нивната длабока тага со тагата на родителите, сочувствува целата македонска јавност, затоа што тоа не е само нивна загуба, туку загуба на Македонската држава. Тие жртви паднаа, бранејќи ја својата земја од разбојници и криминалци, што за жал, ја газат оваа прекрасна, мирољубива, благородна македонска земја.

Не можам, а да не изразам жесток бес, кон крволочните убијци, што ги испукаа куршумите во Македонската држава. Зашто, пукајќи во полицијата, тие пукаа во Македонската држава. Врз нејзините чувари, а нејзини чувари ги има од сите национални состави: Македонци, Турци, Албанци, Роми и други. Случајно се погоди да загинат двајца Македонци и еден Турчин. А тоа можеше да биде и Албанци и Власи и Роми и други. Но на убијците не им беше важно, од која национално потекло се тие, туку чуварите на државата и власта што се грижат, да го зачуваат нивниот мир и спокојството на сите граѓани.

Во деновите кога целата македонска јавност се згрози од нашите убијци, единствена утеха, кај сите човечки суштества беше да се откријат и да се изведат пред суд овие крволоци. Но, тие не се така наивни и обични убијци, што можат така лесно да се најдат. Тие се организирани и поврзани со разни јатоци и истомисленици. Под силен притисок на јавноста, полицијата, со нескриена желба, што побрзо да ги открие, верувам дека немала време за нежности и некаде можеби, употребила грубост. Но тоа не смееме да го оправдуваме. Но сепак, би требало да се ставиме во нивна кожа. Впрочем, нема никаде во светот нежна полиција, кога е во прашање потера, убијци од најлош вид. Но и покрај тоа, на мислење сум дека треба да се земат на одговорност полицајците, што примениле недозволена грубост, но и тие граѓани, што давале отпор и не соработка со полицијата, а со тоа, ја спречувале и одолговлечувале истрагата.

Во врска со смртта на Сабри Асани, при претресувањето, од страна на полицијата, мислам дека треба да се изврши сериозна истрага и доколку се утврди дека истиот граѓанин почнал од физичко малтретирање од страна на полицијата, со неговото апсење, виновникот да се земе на одговорност, зошто злото, носи зло. Невин е секој оној на кој не му е докажана вината пред себе.

На крајот почитувани дами и господа пратеници, моето искажување во вид на апел, сакам да го сублимирам во неколку точки и тоа: Прво, со зборот сите пратеници во овој Парламент, не зависно дали се позиција или опозиција, без резервно да го осудиме ова гнасно, трикратно убиство, а тоа не е обично убиство, тоа е кревање на рака против Македонската држава и граѓаните во неа, како и нивната демократија.

Второ, да се здружиме сите како еден и секој со своите можности и способности, да се бори против општото зло, а тоа е организираниот криминал, дрогата, насилството и нехуманоста.

Трето, сите заедно, независно од која националност, да ја чуваме својата држава Македонија, од разни, криминални, политички банди, затоа што таа е наша држава, на сите граѓани, што живеат во неа.

Четврто, да изградиме консензус, околу битните државни интереси, а тоа е економски просперитет, меѓу етнички односи и верска толеранција. Само така, можеме да опстоиме на овој немирен Балкан и да живееме во мир и спокојство.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Михајло Георѓиевски.

За збор се јави г-динот пратеник Илјаз Сабриу.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници и јас ќе се приклучам кон моите колеги, во ваква прилика, да изразиме сочувство на семејствата на загинатите: Ацо, Киро, Ерол, како припадници на органите на внатрешни работи, кои загинаа во овој трагичен и немил настан, како и сочувство за граѓанинот Сабри Асани, кој почина исто така, по непознати околности, како за мене, така и за сите нас, во полициската станица или во полициското комбе.

Ние можеме се да зборуваме, но тешко на оние кои ги изгубија најмилите, кои изгубија членови од нивното семејство во овој немил настан. Впрочем, јас не би се согласил, со тие дискутанти кои укажаа, да не му даваме на овој настан политичка тежина. Ние сме највисок дом, а овој трагичен настан, овој немил настан, ја потресе цела Македонија, а и пошироко, бидејќи беше за осуда и тоа го осудија сите граѓани на Република Македонија, без оглед на национална, верска или било каква друга припадност.

Исто така, сакам да кажам, само две алинеи од Уставот на Република Македонија. Впрочем, беа изнесени доста работи пред тоа.

Првата алинеја е дека, односно темелните вредности на Уставот на Република Македонија, укажуваат дека правата на граѓаните, односно на човекот и граѓанинот, се загарантирани со меѓународни документи и со Уставот на Република Македонија. Тоа е првата и основна темелна вредност на нашиот Устав.

Втората алинеја, да не ги редам сега сите, вели дека во Македонија, владее право и мислам дека ако така дискутираме, можеме да го дадеме нашиот придонес и за органите, за окончување на овој случај и за изнаоѓање на вистинските убијци на овие тројца, односно четворица граѓани на Република Македонија.

Мене, се уште не ми е јасно, од оваа информација што беше изнесена, морам да кажам дека е доста штура, доста кратка и за мене нејасна, контрадикторна. Исто така, не ми е јасно дали се откриени вистинските чинители, сторители на ова кривично дело. Сигурно тоа судот ќе го каже, ние не можеме да земеме такви ингеренции на судската власт.

Ја очекував од министерката дека ќе даде информација за случајот до денеска до каде е истрагата. На почетокот се кажува дека биле седум до осум души, па потоа пет - шест, па потоа на крајот излегува сека се единаесет. Сега не се знае, кој се убијците и сторителите на ова гнасно дело во село Арачиново.

Од Информацијата не може да се види кои се сторители, според мене, тие признале убиство во присуство на правна аргументација или признале дека се извршители, заради примена на сила, заради примена на сила. И во Информацијата и во дискусијата се кажува дека имало примена на сила кај човекот кој е убиен, бидејќи ние имаме слика, на ТВ тоа беше изнесено неколку пати за покојниот Асани, дека има прострелна рана во главата. Од обдукцијата, се уште нема извештај. Незнам, каква е таа обдукција кога 10 дена веќе не може да даде точна информација, како настанала смртта на покојниот Сабри Асани, од село Арачиново, под какви околности, дали е тој извршител, дали не е извршител, и се друго што е поврзано со него, колку тој знаел и какви аргументи тој носи под зема два метра, бидејќи со него завршуваат тие претпоставки.

Од ова што го видовме и од средствата за јавно информирање може да се заклучи дека имаше навистина некои непримерни или нелогички некои потези.

Уште на првата конференција за печат, оние што се одговорни во Министерството за внатрешни работи кажуваа дека, доколку има претерување, или пречекорување на овластувањата, ќе бидат превземени мерки.

Целата јавност и сите услуги институции и Хелсиншкиот комитет кажуваат дека навистина, во овој случај е применета непримерна сила врз населението во село Арачиново. Уште повеќе што, г-ѓата министерка, во своето излагање кажа дека со селаните, со оџата, е постигната некоја согласност, да се вклучат во истрагата од село Арачиново. Зошто сега, имало потреба да употребуваат таква сила специјалните единици, кон невиното население, кога нај одговорните, во селото, односно во општината прифатиле да соработуваат, односно да им помагаат на органите за внатрешни работи да се разоткријат самите извршители на ова убиство. Мислам дека, тука ние имаме можности и треба да се залагаме како пратеници, навистина, да се преземаат конкретни мерки против тие полицајци, кои ги пречекориле нивните законски овластувања.

Инаку, за случајот, не би сакал многу да се задржувам, бидејќи ние не сме истражни органи, веројатно, тоа ќе го каже судот, но по мене, ако се експлоатира стручна екипа, по мене тоа е доста не стручно направено. Ако ние сме имале сознанија, а органите мора да имаат сознанија, затоа таму ги гледаме секој ден и од државна безбедност, можеби има некоја проценка од нив, за кое село се работи, за какви криминалци се работи, за каков шверц се работи, се кажа дека имало 300 коли украдени, колку дрога е одземено. Треба да се превземат мерки, да не ги праќаат луѓето таму, само со лично оружје, со пиштол и т.н., за да ги доведам во ризик нивните животи. Мислам дека е тоа нестручно, уште при планирање на таа акција и органите за безбедност, паднале на испит, по мене, бидејќи на таква акција ги испратиле полицајците како да одат на свадба. Уште повеќе, доколку имале некои сознанија, а веројатно имале сознанија, не отишле туку така, на тоа место.

Во Информацијата на страница 2-3 се кажува дека ги посочиле местата, каде го оставиле оружјето, а оружјето никаде го нема. Скоро месец дена помина, каде е оружјето, каде се трите автоматски пушки, еден пиштол. Таму се најдени 4 пиштоли. Па, во секое село, во секое маало во Скопје, при еден претрес, можете да најдете 10 до 15 пиштоли и муниција и т.н. Дали тоа оружје е она, со што е извршено убиството или тие пиштоли се најдени така, при еден рутински претрес. Трите автоматски пушки ги нема, барем така е кажано во информацијата. Ги посочиле местата. Каде се тие места? Дали се откриени. Дали се тие ваши, со парафински ракавици е откриено дека се тие извршители.

Мислам дека, како Парламент, бидејќи оваа точка доста долго се расправа, јас очекував од Владата, дека ќе добиеме по детални информации, за овој немил случај, во смисла на тоа и ние да се вклучиме, за смирување на состојбата во Република Македонија, односно во ова село, бидејќи, сакале ние да признаеме, или не, тоа добива политичка димензија.

Понатаму, случајот се случува на пат. На јавно место. Не се случува, ниту во куќа, ниту во кафана и т.н. Во близина на тоа село, колку моите информации се точни, има неколку куќи на Македонци. Најблизу до местото на настанот. Дали полицијата влегла и во македонските куќи. Ова не сакам да биде погрешно сфатено, меѓутоа, сакам јавно да кажам на почеток се прејудицира, дека извршители се Албанците и во тие куќи треба

да се влезе и да се претресе и да се малтретира тоа граѓанство.

Мислам дека, доколку тие се поблиску до настанот, тие би слушнале, тие први би виделе кои се тие луѓе. Кажуваат дека 9 души пукале оделнаш. Едниот полицаец, тој што ги водел, е жив, за негова среќа и наша. Тој што кажува, како кажува, од каде дошле, како пукале, внатре имало три коли, многу е енигматичен и ние во јавноста размислуваме дека нешто се крие, или дека има оваква или онаква димензија, бидејќи навистина не ја знаеме реалната и точната ситуација, за овој настан и можеби, ќе остане во аналите на историјата, како многу не откриени настани и убиства.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:** (Продолжение)

И оваа, оваа наша демократија во Македонија, овие 7-8 години доста добри работи донесе, но и доста не откриени убиства донесе. Органите, без оглед, денеска е ВМРО на власт, вчера бевме ние на власт, треба да ги фатиме, да откриеме дека тие се виновниците, тие се сторителите. Не може да загине граѓанин, а 1 - 2 години да нема информација. Впрочем што беа изнесени случаите од Струга, случаите кои ние ги знаеме и ги има.

Мислам дека треба таа стручност, доколку се толку стручни овие наши органи, а тврдиме дека се стручни, барем во писмена форма пишува дека се стручни, ајде еднаш да ги фатиме тие луѓе. Да застанеме на крај на овој криминал. Точно дека криминалот е присутен во Македонија. Дрогата и шверцот и проституцијата. Но, дајте, еднаш за секогаш да ги расчистиме тие случаи. Јас лично и од мојата изборна единица имам информации за доставени писмени барања до органите, за објекти каде што се злоупотребуваат или каде што се шири проституцијата, со официјално барање. Органите за внатрешни работи некако многу слабо или не реагираат.

И, тогаш, со право се поставува прашањето во Тетово веројатно се знаат тие луѓе кои ја продаваат таа дрога. Па, дајте еднаш да ги фатиме тие луѓе, да ги осудиме, да ги изолираме и т.н., и еднаш да ставиме крај на овие глупости што се случуваат во Република Македонија, а не само да се расправаме и да ги оставаме работите не завршени до крај.

Мислам дека, по се изгледа дека во сите овие случаи, кажа претходниот дискутант, ние Албанците станавме "дежурни виновници" и на 6 месеци или на 1 година, зависно од дозата што ја добиваме, фигуративно, како инекција, мора еднаш да пробаме и ќотекот, како тоа изгледа, било која власт, било која Влада да раководи со државава Македонија.

Мислам дека е крајно време органите да престанат со една таква акција. Не да престанат, јас се залагам да ги преземат сите мерки за сузбивање на криминалот и криминогените дејствија. Но, граѓаните да ги малтретираме на ова ниво, мислам дека тоа е не допустливо за една Македонија, што се стреми да оди кон европските интеграции, се стреми да стане една демократска држава, со примена на ваква сила врз невини граѓани. Не може дете да се малтретира и да се тепа до тој степен. Колегата Рамадани кажа тука, бидејќи е од тоа село. Па, ние видовме тука слики на жени, на старци, како може тоа така да се дозволи во 21-от век?

Мислам дека тоа е за осуда и крајно е време органите еднаш да ги гледаат граѓаните како рамноправни, како исти граѓани без оглед на верска и национална припадност. Инаку, до сега не било така, да ги анализираме сите случаеви наназад 5 - 6 години што се случиле, па и овој нај новиот, веднаш со пред текст, дека Албанците биле криви и дека Албанците треба да одговараат. Нека одговараат тие кои треба да одговараат, кои се криви, а не да одговараат невините граѓани, жените, децата, старците и сите други кои се чесни граѓани на ова општество.

Како сакаме утре ние да ја вратиме довербата меѓу Албанците и Македонците, кога еве така се однесуваат државните органи. Нај опасно е доколку државните органи во име на државата, во име на тие амблеми што ги носат ја злоупотребуваат таа нивна власт. Мислам дека тука влијанието наше, како пратеници, како Парламент, да преземеме мерки против сите оние кои згрешиле според законит и прописите што се насила во Република Македонија, без оглед дали се тие обични извршители, дали се наредбодавачи, дали се заменици министри, министри и т.н., па се до нај високите инстанци, бидејќи еднаш мора да престанеме и да ја прекинеме таа традиција, таа лоша практика во Македонија, Албанците секогаш да се сметаат како фактор на дестабилизација на Македонија. Јас тврдам, а ние докажавме и покажавме дека и во Косовската криза и сега и понатаму и пред тоа ние бевме фактор за чување на Македонија, фактор

на стабилност, а не на дестабилизација на Македонија, бидејќи наш интерес оваа држава да биде развиена, да биде демократска, но во сите органи државни, граѓаните да ги гледаат со ист аршин, како што би рекол народот. Тоа доаѓа од таму што ние неколку пати и до сега, а и денеска беше изнесено, мораме да водиме сметка да ја подобриме националната структура на вработените и во органите за внатрешни работи и во овие специјални единици, бидејќи според нашите информации, тие единици се чисто етнички, односно нема припадници на Албанците во специјалните единици. Со тоа би придонеле кон подобрување на вкупната националната структура на државните органи во Република Македонија и веројатно, многу полесно можеме да разговараме и за овие теми и за други теми што, не дај боже, може да ни се случуваат во оваа насока.

Не би сакал да должам, овие работи сакав да ги кажам. Ние треба да раcправаме, не треба да криеме од јавноста, бидејќи ние сме нај одговорни за вкупната политичко - безбедносна ситуација во Република Македонија и треба да бидеме на ниво на нашите обврски и на нашите задачи. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Илјаз Сабриу за учеството во дискусијата.

Почитувани дами и господа, имаме уште 22 пратеници пријавени за расправа до сега. Можеби бројот ќе расте.

Би сугерирал нешто што мислам дека треба да го прифатиме, работиме веќе 6,5 часови, тоа е едно.

Второ, имаме неколку точки од незавршената 27-ма седница, мораме да ги завршиме после оваа седница.

Денеска би ја прекинал седницата, утре би продолжиле во 11,00 часот, со тоа што би ги молел координаторите на пратеничките групи да извршат консултација и да речеме, евентуално да го намалат бројот на дискутантите, да направиме една концентрација на дискусиите не оспорувајќи го правото кој сака да дискутира, да дискутира. Но, заради рационалност, ве молам утре пред 11,00 часот да се состанат координаторите, а во 11,00 часот да продолжиме со работа. Благодарам.

(Седницата прекина со работа во 17,30 часот).